СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дов. Број ____________________

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Дванаесеттата седница на Собранието на СРМ, одржана на 24 април 1991 год.

Скопје, април 1991 година

СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 12-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 24- АПРИЛ 1991 ГОДИНА

дневен ред:стр.2

1. АНДОВ СТОЈАН-38,92,94-
2. АБДИ ФАИК-56
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО-59 4-. АРСОВ ДРАГИ-71
5. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ-73
6. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО-66,83
7. ГЛИГОРОВ КИРО-3,10("политичка иднина на земјата),84-
8. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР-31
9. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР-35
10. ДАВЧЕВ САНДЕ-62
11. ДАМЈАНОВСКИ РИСТО-83
12. ЕМИНИ ЗУДИ-4-
13. ЗАФИРОВ ЈОРДАН-82 14-. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН-54-
15. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА -80
16. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ-29
17. КЈБУСЕВ НИКОЛА-13,18,26,90
18. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА-50
19. НАУМОВСКИ СЛАВЕ-75,94-
20. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ-81
21. ПЕТКОВСКИ ТИТО-76
22. ПАНОВСКИ МИХАИЛ-37
23. ПРЕВАЛА ШАБАН-4-5
24. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА-70
35. СТАМЕНОВ РИСТО-44
26. СЕЛМАНИ НЕИМ-4-7
27. СПИРОВСКИ АЦО-63
28. СИМЈАНОВСКИ НАУМ-74-
29. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ -38

крај на седницата

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Дванаесеттата седница на Собранието на СРМ, одржана на 24 април 1991 година
Седницата се одржа во просториите на Собранието на СРМ, сала број 1, со почеток во 12,10 часот.
Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието.
СТОЈАН АНДОВ:
Дами и господа пратеници, ја отворам Дванаесеттата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.
Пратениците Киро Поповски, Иван Иванов, Наим Салмани **и** членовите на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ освен господинот **Арнаудов ме известија дека од оправдани причини не** се **во** можност **да** присуствуваат **на** седницата.
Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.
Ве известувам дека на денешната седница, поканети се и присуствуваат: членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Македонија д-р Васил Тупурковски, но тој ме извести дека не е во можност да присуствува на седницата, потпретседателот на претседателот на Социјалистичка Република Македонија господин Љупчо Георгиевски и претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Социјалистичка Република Македонија.

1/2

Предлагам дневниот ред за денешната седница да го дополниме со "Информација на претседателот на Владата на Социјалистичка Република Македонија по Експозето на претседателот на Сојузниот извршен совет за актуелната општествено економска и политичка ситуација во земјата,Економската реформи за макро економската политика

Дали Собранието се согласува со овој предлог?(Се согласува).

Според тоа, за седницата го предлагам следниот дневен ред.

1. Информирање на претседателот на Социјалистичка Република Македонија, Киро Глигоров, за текот на разговорите за политичката иднина на земјата,

2. Информација за претседателот на _Владата на Социјалистичка Република Македонија, по Експозето на претседателот на Сојузниот извршен совет за актуелната општествено економска и политичка ситуација во земјата, Економската реформа и за макро економската политика во 1991 година.

Дали има предлог за изменуваше, или дополнување на предложениот дневен ред? (Нема) .

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака).

Има ли некој против? (Нема) .

Дали некој се воздржува од гласањето?(Никој). Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

1/3

Минуваме на Првата точка од дневниот ред -Информирање на претседателот на Социјалистичка Република Македонија, Киро Глигоров, за текот на разговорите
за политичката иднина на земјата.

Има збор претседателот Социјалистичка Република Македонија , Киро Глигоров.

КИРО ГЛИГОРОВ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, сакам денес да Ве информирам за досегашниот тек на преговорите врз основа на оние полномошна што ни ги дадовте во тие разговори. Сметам дека моментот е таков што треба да Ве информирам и да се договориме за натамошното продолжување на тие разговори и нашите ставови во врска со тоа. Добро сторивме што навреме ја донесовме Декларацијата за сувереноста на Македонија и платформата за разговорите за разврската на Југословенската криза и договорот за иднината на Југословенската заедница. Во сите разговори тоа ни дава сигурност и принципиелна основа врз која можеме да настапуваме и да ги градиме нашите конкретни ставови. Тие ставови издржаа проба по мое мислење во досегашните разговори и се покажаа добри од гледна точка на презентацијата и одбраната на интересите на нашиот народ и нашата држава. Во која смисла го велам тоа. Основната премиса во Декларацијата и платформата која во тие разговори беше застапувана е таа дека тргнуваме од становиште дека имаме сопствена држава , суверена без оглед дали се остварени сите елементи на сувереност, посебно дали не признаваат како надворешнополитички субјект и како такви спремни сме и заинтересирани да учествуваме во договорот за заедница на

суверени држави врз сите оние интереси кои можат да бидат заеднички во областите на човечките права , економијата, одбраната и надворешната политика. Сметаме дека внатрешната и надворешната реалност не упатуваат кон такви разговори и договори  Да констатираме Србија и Хрватска донесоа комплетни нови устави во кок себе се третираат како суверени држави. Словенија го стори тоа со промените што ги стори во постојниот Устав, а подготвува и нов . Ние донесовме Декларација за суверена Македонија, извршивме измени во постојниот Устав токму во тој правец и за неколку дена ќе поднесам и иницијатива со Предлог основи за нашиот нов устав што се заедно создава една нова реалност во Југославија. Реалност во која веќе се конституираат неколку суверени држави.
Што се однесува до нас уште АСНОМ на 2 август 1944 година ја има дефинирано Македонската Република како суверена држава. Сите повоени устави тоа го признаваат, а Декларацијата го има тој статус дефинитивно потврден, а новиот Устав треба да го изрази тоа историско достигање на нашиот народ на уставно правен начин. Тој статус не е подарен, резултат е на вековната борба на нашиот народ, потоа на создадена стоилјадна војска во периодот на борбата против фашизмот и за национална слобода и огромни дадени жртви. Оттаму сосема логичен став е дека идната југословенска заедница ја сфаќаме како нов историски договор на суверени држави. Тоа е едната реалност од која мора да се поаѓа  во сите наши настојувања

Втората реалност е меѓународната реалност . Меѓународната реалност е таква дека сите решавачки чинители во меѓународната заедница се определени за зачувување на југословенската заедница, но како демократска , пазарно ориентирана и во облик кои слободно ќе го договорат републиките кои 1а сочинуваат Југославија. Тие не го поддржуваат постојното и не поддржуваат било чија сецесија, но основата треба да та најдат слободните суверени републики, според нивните заеднички интереси. Основата на тој став е се разбира заради нивните интереси и според нивната: проценка на можните настани во меѓународната заедница во еден или друг правец на разрешување на југословенската криза. Наспроти ова сфаќање кое го изнесов познато е дека постои и друг концепт и залагање за сојузна држава, или модерна федерација. Во тој концепт републиките не се држави, не се ни суверени. Тоа е само Југославија, а републиките се територијални единици кои се израз на административна поделба на единствената држава Југославија, а границите помеѓу републиките исто така се административни. Бидејќи вака спротивставени концепции тешко можат да доведат до согласност за иднината бидејќи во нив дијаметрално спротивно се третираат основните субјекти што ја чинат југословенската -заедница. Нашата заложба во согласност со прифатената Платформа беше да ги расправиме врз основа на заедничките интереси кои функции и во кој обем републиките се готови, спремни да ги добавуваат заедно на ниво на Југославија. Бидејќи самото име на една заедница не мора да ја карактеризира барем недоволно јасно ако не се анализираат функциите, содржината на секоја заедница. Така на пример ако видиме некои историски примери

СССР се викаше Сојуз на држави итн., а знаеме дека беше една од најцентрализираните и унитаристички поставени држави, или САД , значи држави се во прашање, но степенот на нивната интеграција особено економската, монетарна сферата на надворешната политика, одбраната итн. има сосема друг вид како да не се работи за држави. Швајцарија која се вели конфедерација всушност има доста во текот на развојот попримерни федерални функции. Западна Германија која нема држави, има еден доста децентрализиран облик на управување така што во самото име, се разбира не е без значење, за тоа и се залагаме за сојуз на суверени држави не е достатно да се изведе заклучок за што сме се спогодиле. Треба да ја знаеме и содржината на таа спогодба. Ние бевме и сме уште приврженици за таков рационален , конкретен разговор бидејќи интересите ги поврзуваат луѓето, народите и државите. Кога почнаа разговорите врз такви основи при првиот обид да се расправат и договорат економските интереси и функции се дојде до доста успешен договор. Меѓутоа, поради настаните до кои дојде во меѓувреме Пакрац и други да не ги набројувам, кои покренаа прашања за внатрешните граници, за улогата на Армијата, за компетенциите на сојузните органи итн., пак се наметна прашањето, сепак, мораме да разговараме што се републиките во Југославија и во каков облик на организација е можна идната југословенска заедница. И тогаш се напушти овој разговор за конкретните функции, се вративме на прашањето за положбата на републиките и за обликот на идната југословенска заедница и пак дојдоа на дневниот ред споменатите прашања, дали се републиките држави, или не, дали се границите помеѓу републиките административни, или непроменливи

1/7

без взаемен договор на две републики кои мора да се третираат во духот на Хелсиншката Декларација за непроменливоста на границите, потоа како настанала втора Југославија што е за нас многу значајно прашање, дали како директен континуитет на бивша Југославија од 1918 година, или како договор на народите во Југославија да се здружат во една кова засекница коза врз основа на вооружена борба се создавала, или таа е директен наставува на СХС државата, за која држава на пример македонскиот народ не е прашан во свое време дали така поделен ќе живее итн., туку со неа и со вкупните резултати од Балканските и Првата светска војна е определена судбината на македонскиот народ и на Македонија без било какво негово учество. Тоа прашање е од исклучително значење заради тоа што едниот, или другиот пристап признава или ја оспорува легитимноста на секоја Република да се третира како држава и при евентуални настани да се согласи за еден, или друг облик на идното заедничко живеење. Ако пак не дојде до таков договор, тогаш ова становиште кое сега го образлагам тргнува од тоа дека секој си го добива својот суверенитет како на одделна држава. Ако е суверенитетот на Југославија резултат на соединувањето на суверенитетите на републиките кои се здружиле со евентуално нејзино непостоење секоја држава си станува суверена со меѓународно признат субјективните. Да го повторам ставот кој не поаѓа од сувереноста на републиките и не ги почитува историските тежненија на оние народи кои не успеа во минатото да ги остварат своите историски аспирации. Тој став не води сметка дека на Балканот процесот на националното осамостојување е уште во тек, полно и слободно изразување на сечиј

идентитет, тоа се не е доввршен процес и дека ако се негираат тие аспирации, не се забрзуваат , туку се забавуваат и дури ги оневозможуваат интеграциските законити текови кои денеска течат во Европа. Едниот и другиот процес не се во спротивност доколку не се спречување,, доколку на св "издаваат вештачки бариери и доколку не се негираат природните права на секој народ да биде самостоен,суеверен,да има сопствена држава итн. Доколку тоа се признава, тогаш сите народи од една сосема нова , слободна позиција можат да разговараат за се што значи здружување, поврзување и интегрирање. Оттаму длабоко сум уверен дека  само од позиција на суверена држава може нов историски договор, не оптоварен од историските неправди од една страна и единствено тој ја има силата на траен договор , не наметнат од било кого,врз основа на воени придобивки, економска моќ, или било кој друг вид на доминација. Таков договор ако би содржел минимум заеднички функции би бил подобар од секој максималистички обид бидејќи би отворил пат по пример на Европската заедница, чекор по чекор да се оди напред и сите да се најдеме во таа Европска заедница, секаде да се здружуваме каде што интересите на луѓето,на економијата, на државите ги упатуваат кон поврзување и интеграција. Бидејќи не можеше да се постигне договор за двете спротивставени концепции, федерација, или сојуз на суверени држави и бидејќи немаше спремност да се продолжат разговорите за заедничките функции се дојде до предлог за референдум кој го предложија Црна Гора, потоа го поддржа Србија. Во дискусијата кога изгледаше дека постои согласност  на сите,

1/9

дека референдумот може да се одржи,само во секоја република одделно по одлуки на републичките парламенти и дека само граѓаните треба да бидат субјекти кои ќе се изјаснуваат за основното прашање дали се за сојузна држава, или сојуз на суверени држави се чинеше дека референдумот во функција на претходно изјаснување на граѓаните за која опција се , може да биде прифатливо бидејќи имплицира Во себеси разрешување на неколку до тогаш многу спорни прашања дали сојузен референдум , или референдум по републиките, тогаш сите прифатија да биде по републиките, да гласаат граѓаните, а во тој случај се симнува спорот околу карактерот на внатрешните граници меѓу републиките. Со тоа иако може да се претпостави дека ќе бидат одговорите на републиките различни, сепак преговарачите би добиле легитимитет за натамошни преговори и за барање на евентуално компромисно решение. За да може тоа да биде прифатено се предложија и некои гаранции како на пример, да се создаде една институција која ќе се грижи за човечките права во таа ги идна југословенска заедница и ќе гарантира покрај другото и националните права таму каде што населението е измешано.

II/1
КИРО ГЛИГОРОВ: (Продолжение)
Меѓутоа, Охридскиот состанок покажа дека тој договор е доведен во прашање, поточно дека Србија и Црна Гора го имаат од основа изменето становиштето. Тие изјавија само Југославија постои и има континуитет. Републиките не се држави и заради тоа прашањето за сојуз на суверени републики не е можно
 бидејќи сојуз на суверени републики може да склучат само оние републики кои се меѓународно признати суверени држави. Значи, една сосема нова позиција која не враќа на почетните позиции и тогаш се покажа дека не беше без основ што во соопштението од договорот во Крањ, во еден одделен пасус, јас издвоив мислење по 3 прашања. Дури ми пригиворија зошто пишувам дека исклучиво по републиките е можен референдум, кога за тоа се согласивме. Но, јас не бев до крај сигурен дека тоа е баш полна согласност на сите и дека таа согласност ќе се сочува и сакав да ја зацврстам таа наша позиција за да не може врз тоа да има било каков дополнителен договор меѓу двајца, тројца или било кој.
Второ, барав да се запише дека паралелно со расправата за идната заедница мораме да ги договориме функциите, а во случај да не дојде до договор, тогаш секој на секого мора да му признае сувереност, бидејќи можеме да се најдеме во таква позиција еднаш република да се отцепи, друга да се отцепи и да дојде до разружување во Југославија и утре, да не споменувам било која република, да каже, Македонија не ја признавам. Треба тој процес да се заврши, а да се заврши на начин кој ги обезбедува

интересите на сите, паралелно, евентуално ново здружување, евентуално разружување меѓусебно признавање.
Трета работа што таму ја наведов беше дека правата и интересите морам во меѓувреме да се договорат под досегаш заеднички живот, да не се најдеме во положба утре да одиме на Хашкиот суд да бараме она што сега го побаруваме од другите републики и да го реализираме. Кој ќе ја натера било која самостојна држава да ги плати своите долгови кој не се втемелени врз основа на гаранции, банки, на државни гаранции и т.н. Но, тоа беше една епизода во тие разговори заради кои имајќи ја предвид целата своја состојба во Републиката, спротивностите кој постојат, без оглед што тоа изгледаше оптимистички, тогаш и се направи крупен чекор напред, сметав дека овие наши забелешки како резерви треба да се запише.
Како што реков Охридскиот состанок покажа дека тој договор е доведен во прашање, поточно дека Србија и Црна Гора го имаат изменето становиштето,според тоа Југославија само постои и т.н., се што реков. И, заради тоа, Србија смета дека и нема потреба за референдум во Србија, но се разбира со резерва за тоа треба да одлучи нивниот"Парламент, бидејќи таа е за Југославија како единствена суверена држава, а кој сака да се отцепи, по тоа мислење, тој треба да оди на референдум, па кога ќе стане суверена држава и добие меѓународно признание, може со неа да се разговара за евентуален интерес за сојуз на суверени држави или за било каков друг вид на интеграција.

II/3

Со тоа фактички референдумот загуби во секоја смисла. И без тоа неговите резултати ќе беа различни и прашање е дали би овозможиле договор при вака формулиран предлог на Србија. Заради тоа се покажа дека крајната идеа е, кој сака да се отцепи тој треба да тргне по макотрпниот пат до меѓународното признавање со сите последици во меѓувреме и со опасност некоја од сегашните републики со која заедно живееме да не го признае меѓународниот статус на друга република, да кажеме на пример на Македонија.

Во ваква положба се сегашните разговори. Заради **тоа** побарав да се одложат барем за некој ден и се одложија за понеделник, за да може секој да размисли и да се види што може натаму да се направи.

Во врска со се **ова што** сега накратко го кажав, мислам дека можеме, барем јас така предлагам, да заклучиме, Декларацијата и Платформата за преговори што ја донесе нашиот Парламент и натаму да биде достапна за да можеме, ако продолжат и во вид како ќе продолжат натаму, да ги застапуваме нашите интереси и да се бориме за нашите определби.

Второ, да бидеме секако за тоа да се продолжат разговорите, да настојуваме и да се залагаме за тоа. Ништо не може да се реши без дијалог и без разговори. Ние заедно живееме имаме многу крупни интереси и мораме да ги продолжиме разговорите за да не се поттикнат било какви настани кои никој не ги посакува.

Трето, да се обидеме да се премине пак на онаа дискусија за можни заеднички функции.

II/4

Четврто, во меѓувреме, бидејќи знам дека Владата на тој план нешто работи, да продолжи и да ја забрза работата со подготвување на сите оние одлуки и документи, почнувајќи од Уставот па натаму кои може да бидат потребни за било каков случај.

Благодарам, (Б у р е н а п л а у з)

СТОЈАН АНДОВ:

Дали има потреба од расправа, или да ги усвоиме овие сугестии што претседателот ги изложи овде. (Бурен аплауз)

Мислам дека е јасна пораката и не треба да одиме на гласање.

Минуваме на точка 2.

Информација на претседателот на Владата на Социјалистичка Република Македонија по Експозето на претседателот на Сојузниот извршен совет, за актуелната општествено економска и политичка ситуација во земјата, економската реформа и за макро економската политика во 1991 година.

Има збор претседателот на Владата на СРМ, господин Никола Кљусев.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Почитуван претседател и потпретседател на претседателот на Република Македонија, почитувано претседателство на македонското собрание.

II/5

Имавме прилика да слушнеме во каква тешка општествено политичка положба се наоѓаат народите на Југославија и во тој контекст Република Македонија.

Се раскинува ткивото на нашиот општествен и политички живот. Многу тешко можеме да пронајдеме спојни точки каде што можеме да ја изградуваме безболно извршенатаа иднина,но вербата е тука и пораката на претседателот на нашата Република во таа смисла и јас ја сфаќам и прифаќам.

Тргнувајќи од тој аспект останува само еден орган во Југославија да функционира изложен пред тешките искушенија. Тоа е Сојузната влада.

Празни оценки се даваат,од разни аспекти се оценува тој напор на Владата, но ако тргнеме од фактот дека не функционира политичкиот врв во Југославија така како што е пожелно, тогаш вниманието е свртено кон СИС.

Наоѓајќи се пред тешки искушенија, СИС се обидува и со овие свои предлог мерки да создаде претпоставки за живеење во овој преоден период. Ние точно и не знаеме колку тој преоден период ќе трае, дали пола година, година или повеќе, но мора да се живее, општествено, економски пред се, и безбедносно. Токму од тој аспект тргнувајќи, претседателот на СИС настапи пред Собранието на СФРЈ со своето Експозе кое се темели врз одредени премиси кои ви се познати и вас, познати под синтагмата 11+3 услови.

Што заправо тие претставуваат тие претпоставки за нормално функционирање на општествено економскиот и политичкиот систем во овој преоден период?

II/6

Првата сфера секако претставува монетарниот и девизниот систем. Тука се истакнуваат 3 проблеми: монетарниот систем, утврдувањето на законски средства за плаќање и политиката на емисија. Владата на Југославија поаѓа од тоа дека треба да се зацврсти монетарната власт во Југославија, како би се утврдил динарот како законско средство за плаќање и што е можно максимално да се контролира емисијата на пари,

Да се обезбеди оваа претпоставка условува борба за конвертибилност на динарот како единствена југословенска валута. За таа цел се предлага и монетарната политика и улогата на Народната банка да биде понагласена, преку чии механизми ќе се остварува конвертибилноста на динарот од една страна, а и девизните резерви од друга страна кој обезбедуваат надворешна ликвидност и конвертибилност на динарот да бидат максимално контролирани. Тоа претпоставува да се воведе во нормален тек платниот промет на земјата, пред се, дивите упаѓања од пооделни републики во платниот промет и емисијата создадоа хаос. Врз таа основа како и врз општата клима која е разнишана во Југославија, се изградуваат фактички 6 правни системи и кој како сака на свој начин си го толкува својот интерес, хендикепирајќи други средини, други подрачни народи кои со својата дисциплина правоверно се однесуваат кон системот во кој живееме. Во таа смисла се предлага преку изменетата улога на СОК да се отвори способна сметка за автоматско исклучување на било какво диво упаѓање во платниот промет и на тој начин а се врати нашиот платен промет во нормални услови на функционирање и да се воспостави механизам на контрола и казнување. Така и ситуирани

состојби во монетарниот систем и платниот промет треба да се одвива животот на економијата преку соочување нас механизмите на единствениот пазар во Југославија.
Ние сме сведоци што се случува на југословенскиот пазар. Политичкиот набој во поодделните републики малку или повеќе создава ерозија врз мобилноста на факторите на производството на капиталот на стоките, на трудот, на знаењето. Тој политички набој создаде силна блокада со негативни реперкусии во размената на стоките, пред се, на југословенскиот пазар и блокадите во механизмите на банкарското функционирање.
Некои републики меѓу кои, Србија,Хрватска и Словенија имаат донесено 40 закони за ограничување на пазарот, се до појавите на експропријација на имоти на една Република од друга, тој специфичен вид на криминал кој не го познава современа Европа. На тој начин напорот на Сојузната влада тежи да се вратат на нормални услови функциите на пазарот и во таа смисла да се побара сите оние републики кој што донеле такви неконтролирани и штетни закони по пазарот, да ги вратат.
Сознанијата на Сојузната влада и Анте Марковиќ имавте можност да ги слушнете во негово Експозе, дека 4 плус една република се согласуваат да се повлечат овие закони. Синојка слушнавме дека една република тоа се уште не го сторила, на жалост најголемата република во Југославија.
Понатаму, овој пакет на мерки да тежи кон регулирањето на материјата на личната и општата потрошувачка.

II/8
Претпоставка е дека личната потрошувачка не би требало да биде замрзната. Но, таа треба во стопанството да се усогласува со реалниот пораст на продуктивноста на трудот, со реалните можности на секој стопански субјект, иако при тоа само во овој краток период од септември по сега околу 57 милијарди се пробил планираниот фонд на личната потрошувачка. Од друга страна, мошне енигматична е сферата на јавната потрошувачка.
Во овој домен има пробив на 127 милијарди динари. Тоа е неодржливо на слабото стопанско ткиво на Југославија, така кумулирана енергија негативна која се троши во јавната потрошувачка. Оттука, политиката на овие мерки тежи колку што може да се скратува јавната потрошувачка, било во  секторот на нејзиното тековно работење, било во преку емулираната кадровска структура, која е повеќе јалова отколку функционална и која мора да се поместува така да создаде олеснување на тој товар во јавниот сектор да би можело стопанството пoслободно да живее.
Ако се сумира целата потрошувачка во овој изминат период меѓу септември минатата година во кој период се појавија пукнатини врз програмата за промени на Сојузната влада, која во тој период покажуваше значајни перформанси и го охрабри духот на југословенскиот граѓанин во вербата на системот на реформи и промени. Политичките блокади кои настанаа од септември создадоа такви пукнати кои само на овој сектор, на секторот на потрошувачката изби, ако се искажеме во доларска вредност помеѓу 10-12 милијарди долари. Тоа е огромна маса, неповратна.

III/1

НИКОЛА КЉУСЕВ: (Продолжение)

Рацете предолги на јавната потрошувачка создадоа хаос на југословенскиот простор. Меѓутоа, на овој сектор посебно кај заедничката потрошувачка се манифестираат тенденции мошне неповолни. Речиси сите републики тежат да расте бројот на платениот труд преку гарантирани лични доходи, а тоа е специфичен вид за изигрување на разните придонеси што треба да ги прима државата за оскорбување на оние дејности како што е науката, културата, образованието,од една страна а од друга страна огромен пораст на лични доходи посебно во оние структури на стопанството и структурата што имаат монополска позиција. Тој енормен пораст на лични доходи во гранките и дејностите, посебно претпријатијата со монопола положба создаваа тенови социјални тензии и немири спрема оној труд кој што е ниско платен. Оттука, тежиштето е сето тоа на свој начин се сведе во еден нормален однос поврзан со реалитетот на продуктивноста на трудот а не со разни монополски ренти кои наместо да се претвораат во општествена акумулација се преточуваат во потрошувачка неконтролираниот.

Понатамошниот напор на сојузната влада е да го отвори процесот на сопственичкото преструктуирање како вид на претпоставка за вкупните општествено економски проблеми пред кои сме исправени. Во тој домен се појавуваат низа неповолни тенденции кои се манифестираат околу суспендирање на Законот за општествениот капитал и процесот на трансформацијата сопственичка. Во таа смисла се присутни две основни тенденции и тоа:

III/2

Или по секоја цена да се сочува општествениот капитал што за нас е потполно познато што тоа значи. Тоа е полигон на една јавна кражба бидејќи нема сопственик, па оттука зачувувајќи го општествениот капитал фактички сакаше да се сочува постојната и политичка филозофија во системот која што веќе далеку се напушта од ОВОЈ југословенски простор.

Од друга страна избива и втора тенденција, ±ОЈ општествен капитал да се претовара во државна сопственост. Несомнено е дека државата не може да се ослободи од одговорноста од тој домен, **но не** смее таа да се претвара и во основен арбитра. Прифатената политика на плурализмот на сопственичките односи кои врз таа основа изградуваат и плурализам на политички односи и нова концепција на продукциони односи во општеството претпоста**вува потполно отворање на тој процес кон нови видови на** сопственост приватна, акционерска и разни видови на мешовита сопственост, но од друга страна еден значаен сектор, посебно јавниот сектор и таканаречената крупна инфраструктура не може така лесно да се преточи во други форми на сопственост. Тука мора да постои изградување на стратегија на државна сопственост или јавна сопственост,затоа што некои организации во тој домен, институции самите се повикуваат и наречуваат општествени претпријатија. Во чие **име** тоа го прават? На тоа сојузната влада отворено укажува, а и ние кои ја поддржуваме таа тенденција, мора со ригоризам да се однесуваме опрема оној јавен сектор кој што не може брзо да се трансформира во други форми на сопственост мора да настапи државата да го штити, вредноста односно супстанцата на општествениот капитал. Да не се преточува истиот по **разни привилегии и монополи, да** не се узурпира правото на

државата во тој домен да не може некој да создаваат претпоставки на рентиерство врз тој капитал. Се укажува на тоа и во напорот на претседателот Анте Марковиќ и Владата на Југославија а што и ние како Влада го прифаќаме дека овој почетен модел на интерни акции не ги исцрпува сите модалитети на сопственичкото преструктуирање. Тој процес е отворен, тој процес е долгорочен и треба да биде сесрдно подржуван ако сакаме да ги отвориме процесите на новото политичко и продукционо видување на секоја држава, посебно секоја република и Југославија како таква барем засега.
За да се извршат овие преломни аспирации нужно се бара да се ситуира една можна санација на банкарскиот систем, а по тоа ние подразбираме и санација на стопанството. Сам за себе санирање на банкарскиот систем е невозможно без да се санира стопанството. Притоа напорот на Сојузната влада претпоставува линеарно санирање на банките со можност да се испита и поединечно.
Ние укажувавме дека структурите на одделни републики, структурите на стопанството не се институирани преку сопствени национални стратегии на развојот. Тие претпоставувале а пред се македонската национална структура била изградувана врз примеси на југословенската глобална стратегија. Оттука, во нејзиното ткиво се вткајува  такви гранки и дејности кои долг период биле експлоатирани на југословенскиот простор преку прелевање на екстра профит од една гранка во друга, од една територија во друга. Врз таа основа се изградувал механизмот на развојот, а и стопанскиот систем, па оттука нашата Република преку таквата структура на стопанството била врзана во одредени периоди уназади 70,80 па и 90% преку разни континуирани откупни цени, врзани цени и т.н.

што механизмот на системот ги исцедувал можните акумулации на поодделните гранки и создавал класична претпоставка на експлоатација. Во такви услови банкарскиот систем не бил способен да егзистира затоа што стално се покажувал неликвиден. Оттука санацијата на банките мора да се поврзе со санкциите на стопанството барем кај оние сегменти кои предизвикувале неликвидност кај банките. Ние не сакаме да го одбегнеме оној фактор на слабост на организацијата, на не функционирањето на селективниот фактор не користењето на капацитетите, тоа се слабости на самиот субјективен фактор и на организацијата во поодделните колективи. Ние говориме за некои појави што објективно биле ситуирани да создадат една слика на неликвидно стопанство и на неликвиден банкарски систем. Оттука **ние** бараме нелинеарна санација, туку и поединечна санација на **поодделни банки, посебно што се** однесува **на** нашиот македонски терен.

Понатаму, меѓу новите ангажмани што се предлагаат е изградување на една помирна поразумна, порационална социјална политика на социјални програми од страна на сојузната влада.

Станува збор за тоа дека ние сме изложени пред крупно преструктуирање на стопанството. Можните технолошки иновации ревитализација на стопанството и неговото преструктуирање ќе услови значајно ослободување на мануелниот труд кој бил со години уназади креиран не по економски критериуми туку вон економски повеќе политички критериуми, разни акции и слично што го нарушиле ритамот на потребата на трудот во однос на опременоста и на тој начин се создаваат претпоставки дека кај нас посебно ќе најбујнава армијата на невработеност. При така тешките услови на една постојна

армија од 160.000 невработени. Во едни такви услови феноменот на социјалната ситуираниот мора да биде присутен, обмислен. Оттука сојузнава влада презема значајни ангажмани биле по однос на странски средства да привлечува било по однос на буџетски средства да партиципира на овој дел од работници кои ќе бидат ослободени, а сакаат да го решат своето прашање и индивидуално,ќе партиципира преку 60%
доходи, просечни во Републиката, а за другите средства судбина на поодделните претпријатија и Републиката. Сето ова претпоставува една грижа, мора да се признае, иако таа целосно не го решава социјалниот проблем. Сепак покажува знаци дека такво видување на сојузната влада треба сесрдно да биде поддржано посебно кај нас, затоа што тој проблем е пренагласен.
На крајот дозволете да кажеме дека ние исто така укажуваме да срамежливиот јазик на сојузната влада околу фондот за финансирање на недоволно развиените треба поотворено и покритички да се однесува. Станува збор да тој фонд мошне неодговорно функционираа поради неодговорното однесување на општествено политичките организации, на Републиките кои не уплатуваат во него. Па оттука, со тоа посебно се погодени неразвиените републики во кој спаѓа и нашата Република. Наши побарувања течат уште од 1989 година, па 1990 година и првото тромесечје од 1991 година. Не се изумуваат средствата од тој фонд кон корисниците затоа што не најбујнава изворот на средства во тој фонд. Оттука, ние не можеме да бидеме индиферентни спрема полутешкото однесување во креирањето на идната политика на доменот на овој фонд. Ние сме со загриженост кој овој проблем

и понатаму енергично ќе настојуваме да се разрешува. Јас не би сакал да го задржувам вашето внимание на другиот сектор околу одбраната, безбедноста.
Јасен е ставот на сојузната влада во кој што се истакнува забрана на дејствување на политички партии, укинување на комитетот за општонародна одбрана и општествена самозаштита, укинување на политичката полиција и тн. Се е тоа во контекстот на оние видувања за кои сите тежиме да ги разрешуваме. Но, ако сакаме да дадеме оценка за постоењето на тој фактор претпоставка е дека токму неговото постоење барем во оваа фаза е од извонредно значење во нашиот македонски случај. Македонските граници не можат да се чуваат затоа што ние немаме ниедна пушка. Територијалната одбрана педантно ги ставила во магацини, така проврено се однесувала, мислата на нашата територијална одбрана. Ние располагаме само со еден мал фонд на безбедносни органи. Ние немаме средства за опремување на тој домен. Оттука, југословенската армија ние ја гледаме како чувар на нашите граници, постојни граници, на кои од друга страна се отворени устите Ајдарски кон нас. спрема тоа ние ја гледаме југословенската армија и одбранбениот блок како чувар на нашите граници, а најмалку сакаме да ги гледаме на улиците на нашите градови.
Уште неколку збора за претпоставки за ефикасно функционирање на системот во преодниот период.
Овој систем на мерки кој се предлага нужно треба да претпостави нормално функционирање на политичкиот врв, на Претседателството на земјата.

III/7
Второ, нормална работа на Сојузното собрание и конечно на мир да се остави обмислено да настојува Сојузниот извршен совет да ја реализира оваа програма во овој преоден период. Се друго би не однело во амбисот на неизвесноста. Би не фрлило во страшен хаос:Оттука донесените мерки треба да ги гледаме во светлото на глобалниот интерес,затоа што тие на одделни аспекти ќе покажуваат
 било понагласена позитивност или негативност. Случајот сака да укажеме дека меѓу овие мерки настапи и девалвација на нашиот динар. Црниот пазар тоа најдобро го покажуваше. Да се постојува во такви нерасчистени односи на депеширана домашна валута и да се воспоставаат контакти со странски партнери тоа е нонсенс. Оттука нормално, барем нормално економски е да добие друга вредност нашиот динар. Тоа што таа негова нова вредност покажува и друга ситуираното во нашиот амбиент тоа е судбината и цената на сите промени и на постоењето за кое јас зборував. Па оттука, како што е познато девалвацијата е мерка на економската политика која има влијание речиси врз сите текови на стопанската активност и во другите сфери на општествениот живот. Ова мерка бара целосни согледувања во сите сегменти на стопанскиот и општествениот живот па затоа би сакале само да укажеме дека согледувањата кои ги направивме како влада за периодот кој не очекува мај декември оваа година даваат различни ефекти на страната на извозот на стоки и услуги, на страната на увозот, на страната на отплатата на странските кредити и ефектите од не измерените фиксни и гарантирани девизни обврски, како и отворените неизмиени акредитиви за увоз на нафта.

III/8

Ефектите од девалвацијата на динарот се доста неповолни, речиси во целиот југословенски амбиент, а и во нашата Република. Негативно се реперкутираат во поизострена форма. Јасно ова произлегува и од неповолната структура на стопанството, нискиот степен на покриеност на увозот се извозот,високиот степен

македонската задолженост, а пред се  поради тоа што во умртвениот период од четири месеци не функционираше девизниот пазар. Па, оттука се појавија такви неповолни тенденции кои не би ги имале денес со оваа девалвација во колку девизниот пазар функционираше а ние нашите девизни обврски со масата динари кои ги имавме да ги купиме и на тој начин немаше да биде така тревожен нашиот глас. Но, тоа не значи дека оваа појава ние не ја со цела своја сериозност изнесовме пред сојузната влада и пред претседателот Анте Марковиќ.

IV/1
НИКОЛА КЉУСЕВ: Продолжение.
Се разбира дека и овие мерки постојат низа олеснувања,но не се до крај изведени операциите оттука имајќи ги предвид
политичката положба во земјата и непостоење на алтернативни програми, други опции во оваа фаза во која живееме/ од други креатори и иницијатори, значи непостоење на алтернативни програми за промени, Владата на Македонија ја поддржува програмата на мерки презентирани во експозето на претседателот Анте Марковиќ како реалистичка во овој преоден период со цел да се избегне односно да се избегнат големите ломови и хаосот во земјата. Тој хаос, таа цена на нашето постоење е далеку поголема на негативните ефекти кои се искажаа преку три милијарди и 200 милиони динари од девалвацијата.
Имајќи ја предвид таа тежина на девалвацијата, ние како Влада, оценувајќи ги сите гранки и дејности во стопанството, делејќи кој од истите ќе добие или ќе губи, подготвивме и одредени мерки кои ќе ги сугерираме на Сојузниот извршен совет. Имајте трпение накратко да ги кажам истите.
Прво, за висината за не измерените обврски по основ на фиксни и гарантирани обврски по странските кредити. Не измерените обврски по отворените акредитиви за увоз на нафта, Народната банка на Југославија да продаде девизи на банките од Република Македонија по курс кој ќе важеше пред девалвацијата од 19.04.1991 година. Доколку ова не може да се реализира СИЗ да обезбеди средства од Федерацијата за оваа намена. Пошто ова умеено го соопштив пред две недели во Владата на Југославија, ние на овој услов, на оваа мерка треба да постоиме, се разбира поради вистинитост треба да се

каже дека СИС излегува во пресрет на Република Македонија. Случајот бараше со сто илјади тони нафта од резервите кои требаше да ги обработува нашата рафинерија по стари цени и други можности кои доаѓаат предвид.
Второ, до нормализирање на работата на девизниот пазар Народната" банка на Југославија приоритетно да продава девизи за следните намени:
а) за измерување на фиксни и гарантирани обврски по странски кредити.
б) за плаќањето на увозот на сурова нафта, гас и јаглена за корзирање.
в) плаќање на увозот на сурови и репроматеријали кои не се произведуваат во земјата.
г) набавка на суровини за производство на лекови.
Трета мерка, камататa, курсните разлики и нето намалувањето на девизното штедење да се пресметува и измерување месечно по валути и банки според обврските преземени со прописите од страна на Федерацијата и Народната банка на Југославија.
Четврто, во покривањето на курсните разлики да не се менува постојниот приод односно да не се исклучуваат курсните разлики по основ на камати. Се предлага буџетот на Федерацијата да ги преземе сите странски кредити по кои врз основа на сегашниот закон се исплаќа 100% курсните разлики.

Петто, за ублажување на неповолните состојби од постојното значење односно од посебно значење навременото исполнување на обврските на Федерацијата по основ на курсните разлики, поттикнувањето на извозот, регресот во земјоделството, средствата за социјални прогрми, сензација на банската, обезбедувањето на редовен прилив на средства на Фондот на Федерацијата и сл.

Шесто,народната банка на Југославија да ги исклучи од користењето на средствата од примарната емисија народните банки на републиките кои не ги извршуваат обврските по основ на Фондот на федерацијата.

Седмо, Народната банка на Југославија да го пресмета ефектот од убодот на некои републики во монетарниот систем, со што купија девизи или платија обврски во странство, непосредно пред првата девалвација и тие средства да ги употреби за измерување на обврските спрема банките за нето падот на девизните влогови, станува збор за курсните разлики и камати.

Ние ќе имаме прилика утре вечер кај нас во Македонија да гостува премиерот Анте Марковиќ и во директен дијалог да ги изнесеме сите овие проблеми. Но, ние и ги соопштуваме на јавноста, дека давајќи поддршка на овој пакет на мерки плаќајќи ја таа висока цена за која јас зборував и при реалистички потег на Сојузната влада која се уште како споено ткиво го држи југословенскиот простор, сакаме истовремено со давањето поддршка да укажеме и на овие моменти кои што ја погодуваат Република Македонија со нејзиното остварување, а посебно преку девалвацијата на динарот.

. (Аплауз).

IV/4
СТОЈАН АНДОВ;
Отворам претрес.
Дали некој бара збор?
За збор се јави господин Котевски.
КОТЕВСКИ ЃОРЃИ.
Почитувани дами и господа на денешниот дневен ред се најдоа две точки и станува збор за две информации. На првата информација немам никаква забелешка. Меѓутоа, за втората информација веднаш сакам да кажам дека имам едно извесно негодување. Ако оваа информација се однесува на програмата на СИС, која треба да се прифати во сите републики во Југославија, аналогно на тоа и во Македонија, оваа информација требаше да биде доставена до сите пратеници на овој парламент. А исто така, не само информацијата од нашата македонска влада туку и другите попратни материјали што се од сојузно ниво, со кои сите овие наши пратеници ќе беа дословно запознаени и за да можеа активно да земат учество во досегашнава расправа што се отвораа овде.
Јас мислам уште на самиот почеток да кажеме дека на нас се почесто ни се случува да работиме така во некоја инвенција а не по ред и аналогија. Значи, ние ако го имавме тој материјал овде, пред целата наша јавност тогаш ќе можевме да истапиме во оваа расправа и да кажеме што за оваа Македонија од тие поранешни мерки од СИС беа добри и во кој однос, во кој однос беа негативни за нашето стопанство, а со новата реформа која нуди Извршниот совет како алтернативно решение во овој меѓу договор кој  треба да падне на ниво на Југославија, да видиме каде се наоѓа Македонија и ние како Македонија, како суверена држава ако веќе сакаме  да бидеме

суверени, дали и оваа нова Влада има одредена концепција и одредена програма за стратешки развој на Републиката и опстанок и со таа програма како ние ќе се инкорпорираме во таа сојузна програма. Да видиме што е, да ги поставиме работите на левата страна,позитивните ефекти на десната страна на негативните ефекти. Тогаш пред целата наша јавност да му кажеме на нашиот народ
дека таа реформа која беше започната Назад за тој дел и тој дел успеа, а за овој дел не успеа. Јас мислам дека по однос на оваа точка 2 дури и не требаше да носи наслов информација во врска со Програмата на СИС. Сега се поставува и друго второ прашање, дали на оваа седница ние треба да дадеме поддршка на програмата на Извршниот совет со наше лично изјаснување по расправата или не. А во изнесувањето на премиерот видовме некоја средна линија, некој компромис.
Исто така, за да биде работата уште попарадоксална и по нелогично за мене, јас не навлегувам во мислењето на другите луѓе и давам слобода секој да се искаже и секој има право да се искаже. Меѓутоа, денес во Нова Македонија на стр. 4, јас читам дека Македонија дава поддршка на реформата на СИС. Изјавата е на господинот Глигоров. Се прашувам дали е паметно после сето ова е предметно ние да расправаме овде сега по оваа иницијатива што ја изнесе премиерот на нашата влада или е беспредметна.
Јас по ова прашање имам само толку. Но како моја сугестија, бидејќи јас сум и сојузен пратеник, верувајте дека треба да изградиме еден добар однос, една добра корелација во работата за да можеме ние кога одиме во тоа сојузно собрание да настапуваме од името на овој парламент, од името на се она

што се случува во оваа наша држава. За да не ни се случува како во поранешните моменти, сите делегации од другите републики да бидат најдобро започнати со сите и тоа претходно со многу работи и да ги пренесат во својата база и тие веднаш да реагираат и како извршни совети, и како влада и како држави да реагираат навремено
барем според овој почеток, јас мислам дека доживеавме потполн фијаско, да не навлегувам и во други работи кои вчера ги слушнавме на состанокот, ние мораме да се подготвиме темелно и да бидеме спремни и во корелација со сите органи и тела тука во овој парламент да работиме и да ги пренесуваме нашите ставови.
АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:
Почитуван претседател, почитувани пратеници, ние на 26 Сојузниот собор, денес имам сознание дека е одложен, ќе водиме расправа пред се за експозето на претседателот на Сојузниот извршен совет за актуелната општествена, економска и политичка состојба, за економската реформа и за макроекономската политика во 1991 година. Експозето ни е, јас сум член на Делегацијата во Соборот на републиките, го слушнавме, тоа беше од интерна употреба, забрането умножување пред читањето, го добивме на последната седница како делегати и мислам дека еден краток период во однос кој е даден, но основното е што врз основа на претходниот делегат ја водиме расправата по експозето. Исто така, околу придружни два сепарати кои ги кажа и претседателот на Владата.
Основно прашање кое се поставува и ние како делегација е давањето или наддавањето согласност на експозето на претседателот на СИС, а друга е постапката која во ова собрание е регулирана во однос на попратните сепарати, кои сигурно ќе бидат поминати низ

сите тела, низ сите филтри. Давањето поддршка значи едно понатамошно продолжување на реформата и обезбедување услови за функционирање на општеството во преодниот период, тоа посебно го истакна претседателот на Владата, до договорот за идното уредување на југословенската заедница или надавањето на согласност значи изнаоѓање на други решенија за излез кризата.

За разрешување на овие дилеми, ние сигурно треба да тргнеме од интересот на нашата република, а посебно ми е мило што кажа и претседателот и од глобалниот интерес на нашата држава. Да бидеме свесни, пред се за историскиот момент, историскиот миг кој стои пред нас, пред пратениците и пред цела Југославија.

СИС предлага една програма на мерки и активности за едно поефикасно функционирање на системот така наречен 11+3 и смета дека овој предлог на мерки не значи суспензија на решенијата утврдени во Уставот на СФРЈ, ниту било каква централизација на овластувањата на ниво на Федерацијата, ниту суспензија или анулирање на усвоените уставно правни решенија на процесот на позитивните промени во нашата Република, што се на линија на демократизација на општествените процеси. Напротив, смета дека би дошло до отстранување на бројни несогласности, односно спротивности кои ги имаме сега во системот и обезбедување на неопходни услови за продолжување на реформата. Наспроти ваквите мислења, ние а кажа и претходниот и во весниците и сл. имаме одредени спротивни становишта и тн., на учените критичари кои тврдат дека програмата не е само критична, нуди опаѓање на производството што е точно за некаде околу 20%,'таа нуди инфлационен бран и не нуди заштита на домашната валута и нуди девалвација на трудот и животниот стандард на населението.

IV/8

Ние во уводното излагање на претседателот на Владата ги слушнавме нашите размислувања, размислувањата на Владата и сметам дека нас како Делегација доста ќе ни помогне. Но, основно прашање е за она што зборуваше и претседателот на СИС и нашиот претседател за остварување на програмата потребно е политички консензус. За предлозите на мерките и активностите и доколку тоа се обезбеди најосновното прашање е тука што сите светски институции се спремни финансиски да ја поддржат, се разговара и во тие материјали за некаде околу 5,5 милијарди долари, без чија помош ние би паднале во уште поголема економска криза од причини што југословенското стопанство во тој склоп и македонското е во уште полоша состојба не може да обезбеди не само развој, туку и одржување на производството со сопствена акумулација.

Лично сметам дека треба да се поддржи програмата со се она со наше залагање сигурно што го истакна претседателот на Владата и ние односно ова Собрание треба да скандализира и да изнесе еден јасен кристален став кој нас на нашата делегација и на делегатите би ги нарекол во сојузниот собор кој ќе ја застапуваме и ќе се бориме за реализирање на тие услови,а особено најважното е ние нашето мислење, односно на Владата и на телата во ова собрание, низ работните тела кога ќе дојдат конкретните акти, ние и сега во ова давање, тогаш можеме да ги истакнеме сите наши барања што ги имаме.

Мислам дека уште едно би сакал да истакнам, една нелогичност во однос на Сојузниот собор, доколку денес сојузниот собор расправа и тие се делегати, иако на делегатскиот систем, тие го немаат ставот на ова собрание, тие го немаат ставот на Македонија.

*IV/9*

Па, ќе излегуваат сите сигурно како слободни стрелци во идното
и на ова Собрание, па би сакал бидејќи присуствував на една или две седници, мислам дека се налага потребата, иако се оспорува и леталитетот и легитимитетот на Сојузниот собор, а и Сојузниот собор, во барањата на претседателот на СИС е една од клучните моменти за решавање југословенската криза. Тој е уште единствен орган во кој не е формиран повеќе партиски систем. Пречките ги знаете, не сакам да ги кажувам уставните амандмани од Словенија и сл. работи но, толку.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Владимир Голубовски.

V/1

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Се согласувам со тоа што пред малку беше искажано дека во излагањето од претседателот на Македонската влада многу малку можевме да видиме каде е Македонија во експозето односно каде сме ние како македонска држава во експозето на Анте Марковиќ. Сакам во тој поглед да кажам своe мислење

Сметам дека нашата Влада се уште не сфатила дека е активна влада, туку се однесува класично како Влада во сенка или како да е опозиција на некоја влада. Тоа е една работа што сакам да укажам и очекувам кога ќе биде на дневен ред во Македонскиот парламент нешто со такви амбиции, како што е најавеното експозе од премиерот на Македонската влада тоа треба да биде оправдано.

Друго што сакам да кажам е во врска со првата точка. Не може да не бидам искрен на чувството што го носам пред себе дека во Македонскиот парламент премногу владее лицемери заради тоа што овие денови скоро сите партии на власт кои учествуваат во Парламентот искажаа спротивставени гледања токму околу тоа како се разговара околу идната Југославија, а денеска дозволивме со акламација да девалвира излагањето на претседателот на Републиката и ја скративме таа можност да се искажеме околу таа работа.

Во врска со двете точки сакам да кажам дека Македонската влада би требало...

СТОЈАН АНДОВ:

Да ви напомнам дискутираме за втората точка од дневниот ред.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Најповеќе несогласувањето доаѓа околу точките заради тоа што деловник не се води добро работата во Парламентот .

V/2

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа само ви се чини затоа што беше дадено на изјаснување.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

ВО врска со втората точка, ова е точно лоцирано како вие што го замислувате, во врска со втората точка сакам да кажам дека македонската влада треба да изготви проект на Македонија реално

спрема политичката ситуација и позиција на Македонија без оглед на тоа што би сакале да не изгубиме надеж можно е да се договориме околу идна Југославија како сојуз на суверени држави, сепак да изготвиме проект на самостојна Македонија со сите сегменти што подразбира една суверена држава, па лесно ќе се откажеме од некои суверени функции ако се договориме околу тој сојуз на суверени држави.

Ова е како мал протест и револт на она што се случи денес не сакам да се впуштам подетално во дискусија на она што беше изложено.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, инаку во расправата да ги почитувате вашите сопствени одлуки од пред половина час затоа што овде сосема деловнички поставивме прашање и се изјаснивме дали ќе имаме расправа по првата точка.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Зборува од место.

Акламацијата треба да се исфрли од Македонскиот парламент.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа требаше да го кажете тогаш кога се постави прашањето.

V/3

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Сакам да реплицирам на изјавата на г. Голубовски и да укажам на едно крајно деструктивно однесување од негова страна во текот на работата на Парламентот од неговото конституирање. Не ми е јасно како може човек кој не се јави за збор по првата точка иако претседателот на Парламентот уредно го постави прашањето
или што ја знам. БИ сакал да укажам на уште нешто дека целокупното
негово однесување од конституирањето на Парламентот до денеска е
едно крајно деструктивно однесување. Еве само ќе напомнам неколку работи...

СТОЈАН АНДОВ:

Немојте да давате оценки, немаме право така да правиме.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Барам да ми дозволите да се искажам.

СТОЈАН АНДОВ:

Имате збор само немојте да го оценувате поединецот.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Јас ќе кажам само дека беше единствен што гласаше против одењето на нашата делегација на првите преговори во Белград. Беше единствен против конституирањето на легалните органи на власта како што се избор за потпретседател на Републиката, избор на потпретседатели на Собранието, избор на комисии итн.

Јавно се заложи за формирање на експертска влада, а гласаше против таа влада и цело време, сега гледаме, ја напаѓа.

Уште нешто, на минатата седница се заложивме, изгласавме Декларација за правата на детето, а во вчерашното соопштение од неговата партија ги повикува тие деца на некој штрајк.

V/4

СТОЈАН АНДОВ:

Сакам да напомнам нешто. Во Собранието секој пратеник е избраник во својата изборна единица од народот и има право да изнесува потполно слободно свои гледишта без оглед колку не ни се допаѓа, па и г.Голубовски. Мојата забелешка беше неговата забелешка за водење на седницата надвор од Деловникот не држи заради тоа што

понатаму нема на никого да му браниме за што ќе гласа, да се разбере ме така што во тој поглед не можеме да му замериме никому кој како ќе гласа. А вас ќе ве праша само изборната комисија која на тоа има право.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господин претседател, дами ч господа пратеници, почитуван господин претседател,

Јас исто така уште на самиот почеток се почувствував малку прилагодено кога ја најавивме втората точка како информација. Меѓутоа од излагањето на премиерот г. Кљусев се подразбира дека Владата има формирано свое мислење по однос на експозето и новиот пакет на мерки на СИС. Спрема тоа ако Владата има формирано свое мислење, тоа е во функција на формирање на наше мислење во Парламентот, а тоа мислење би било пак во функција на настапот на нашата делегација на седниците на Сојузниот собор и на седницата на двата собора.

Би се задржал на кратко само на неколку клучни моменти.

Имено, јас пред некој ден на нашиот конгрес реков дека овие денови во однос на одлучите што македонскиот народ треба да ги донесе можеби се и попресудни од почетокот на некоја 1903 и од почетокот на некоја 1941 година. Спрема тоа, сите треба да бидеме свесни во кој историски или политички момент се наоѓаме ч какви одлуки во тој момент македонскиот народ ќе донесе.

V/5

Во поглед на експозето на премиерот Анте Марковиќ и во поглед на општите состојби чие што разрешување, по мене, почна деновиве, мора да бидеме потполно на јасно што е заложбата на СИС во овој момент глобално за Југославија во која се уште живееме и посебно за нашата Република. Јас не би се задржувал на некои ефекти кои во никој случај за поединци групации или категории на народ не се помалку важни или поситни како на пример новите ограничувања што ќе дојдат со ограничувањето на личната и јавната потрошувачка, новите проблеми кои ќе се јават со новиот бран на промена на цените предизвикани со не така малата девалвација, посебно не би сакал да се навраќам на некои уште помалку важни во однос на некои други поважни негативни ефекти кои посебно ќе се реперкутираат врз животот на граѓаните во нашата Република. Меѓутоа морам да го свртам вниманието на неколку клучни прашања за коч ние во секој случај треба да застанеме кога станува збор за заложбите кои се искажани во експозето на премерот Марковиќ. Имено, сосема сме свесни дека од една исклучително тешка состојба во која се наоѓаме со првиот пакет на мерки постигнавме колку толку позитивни резултати кои беа верифицирани и во земјата и надвор од неа. Сите сме свесни до какви тотални блокади на реформацииите зафати настанаа некаде на почетокот на септември минатата година. Спрема тоа, иако некој заговара и е факт дека нема многу нови елементи во самиот нов пакет на мерки,сепак треба да бидеме на јасно дека со тој пакет на мерки се тежи со некоја програма популарно наречена 11+3 максимално, колку е можно, во денешни услови деблокира реформата заради тоа што сме свесни дека во оваа небитнана во која денеска живееме сепак колку толку животот во Југославија функционира. Ако е некој чинител заслужен за таквото функционирање на животот во Југославија тоа е сигурно СИС. Со

овие мерки покрај продолжувањето на основните определби на реформата, како што гледате, се тежи кон деблокада на платниот промет кој што нанесе не знам на кого друг, но сигурно на Македонија најголеми штети заради тоа што по некои мои сознание околу 60% од стоката која што Македонија ја извезува надвор до Македонија во југословенските републики е неплатена. Покрај тоа одржувањето на конвертибилноста резултати и извлекување од спиралата која што не води кон амбис, очекуваме, ако овој пакет на мерки добае поддршка.
Сакам да укажам уште на еден елемент. За се она што би значело барем минимален позитивен чекор понатаму на Југославија и на Македонија посебно и треба свежа пара од надвор  и за почнување на нов инвестиционен циклус и за новата социјална програма која се реафирмира и предлага и за преструктуирање на стопанството ч за санација на банките, средствата мора да дојдат од надвор или повторно да ги печатиме преку примарната емисија и да влеземе повторно во спиралната во која се наоѓаат некои латино американски земји каде што се наредивме пред извесен период. Спрема тоа, стабилитетот на Југославија во овој преоден период, за што ч премерот Кљусев се залагаше, е посебно битен ако сите очекуваме макар какви позитивни резултати заради тоа што се врзани со поддршката која што СИС и програмата на Анте Марковиќ ја има надвор од каде што треба да дојдат овие средства без кои не би можеле да одиме понатаму.
Завршувам со следното, јас сум убеден независно од тоа што не сум економист, независно од тоа што некои ортодоксни комунисти порано  ни го земаа правото воопшто на таа моја така наречена техничка интелигенција да мислиме за општествените собитија ч да учествуваме во разрешувањето на некои од нивните проблеми, сепак согледувајќи го големиот број на негативност кои ќе се одразат

врз македонското стопанство ќе доведат до нова сиромаштија за која што сигурно Анте Марковиќ самиот не е виновен, во голема мера сите сме виновници, сепак осиромашувањето не значи прекинување на токовите на живот.

Одбивањето на новиот пакет на мерки и не поддршката на овие моќи или како некои наши делегати што рекоа на ЕКСПОЗЕТО НА Анте Марковиќ за мене е сосема јасно што значи отворале на еден амбис во кој Што некој ќе паѓа на глава- некои ќе паѓаат на' нозе но на дното ќе се најдеме сите еден врз друг и нема кој да не извади. Затоа се залагам да не се враќаме на тоа дали е тоа информација, за мене е чисто мислење што го понуди премиерот во името на Владата, на база на тоа мислење, го завршувам моето излагање, треба да се заложиме да го поддржиме експозето на Анте Марковиќ, пакетот кој има негативни реперкусии по нас, но низ директна активност, како што рече премиерот Марковиќ и во утрешната средба и во нашето натамошно делување дел од тие негативности сигурно полека ќе ги прегламе и ќе се извлечеме од амбисот кој се надвиснува и над Југославија и над Македонија ако дојде до рушење на Владата на Анте Марковиќ вакво рушење нагло моментално кога сите други системи на Федерацијата практично не функционира.

ЗУДИ ЕМИНИ:

Почитувани пратеници, Најновата програма од Сојузната влада позната како 11+3 претставува, по мене сосема нов систем кој во глобала би требало да обезбеди поефикасно стопанство , човековите права ч слободи функционирање на правата држава, повеќе партискиот систем итн.

V/8

Иако во таа програма, според Марковиќ,меѓу другото се почитуваат сите политички промени кои не го урикаат стариот политички систем, туку со демократски промени го надградуваат со нови плуралистички  кои ја изразуваат волјата на сите народи коч живеат во Југославија, па спрема тоа бара да се почитуваат овие минимум услови за демократско разрешување на економската и политичка криза на Југославија

на неуставно однесување на некои републики во изминатиот период, однесување што Југославија ја довело во оваа економска и политичка криза денеска, Владата на Марковиќ не ја оправдува  за досегашниот неуспех од причини што голем дел од вина за оваа состојба сносни токму оваа Влада на чело со Марковиќ кој како сојузен исвршен орган задолжен за извршување на сојузните правни прописи а по готово  по нивното доаѓање на власт сојузниот устав и сојузните прописи во осум федерални единки направила осум сојузни устави или подобро речено сојузниот устав го применувала не со ист аршин, туку со девет аршини.

Ова може да се поткрепи само ако се направи една мала хронологија од настаните во Југославија од почетокот на 1989 година до денеска што значи дека Сојузната влада играла една плочичка арбитражана улога, а не улога која му припаѓа *со* устав како сојузен извршен орган. Од таа причина тешко е да се верува дека понудената програма и да се прифати во сојузното собрание ќе има успех, бидејќи за да има успех една економска програма треба да постои правна држава која, за жал, во Југославија таа правна држава егзистира само на хартија.

Можеби самиот Марковиќ се надева на разборитоста која се условува со меѓусебниот интерес на Републичките по принципот на западна Европа со нивните разни економски асоцијации. Меѓутоа, Сојузната

влада би требала да има на ум дека  ова е Југославија каде  не се почитува и правната регулатива која е облигаторна, а не е Западна Европа каде е договорот помеѓу договорените страни е светиња. Во овој момент ни преостанува само да нагласам дека лично му завидувам на политичката упорност и жилавост и да му посакам успех во гласањето, бидејќи е големо прашањето што некој друг би го нудел

VI/1

РИСТО СТАМЕНОВ:

Таквата информација од Владата беше потребна и добро е што премиерот на Владата ни кажа кој е интересот за Македонија. Јас сметам дека нашата делегација би требало овој став да го има и да ја подржи Програмата на Марковиќ во Белград .Ние да не навлегуваме во тоа колку имаме забелешки сега на оваа програма. Зашто? Затоа што и најдобрата програма, ако таа не се спроведува, таа не може да даде резултати. Јас само ќе се вратам со две мисли на Програмата од 1965 година, бидејќи е тука творецот нејзин, нашиот претседател. Таа во почетокот даде страшни резултати и ако таа не се блокираше, мислам дека ние денеска немаше да дискутираме по ова прашање. Југославија ќе ја избегнеше кризата и ние ќе бевме во Европа. За жал, што не се спроведе, се блокира, ние сме во оваа **ситуација и дискутираме. И добро би било што** нашиот претседател на Владата ни кажа ќе имаме ли последици и проблеми со оваа сега девалвација и севкупните работи. Меѓутоа, ако не се поддржи и оваа нити што ја поврзува Југославија, падне, мислам дека не треба да зборуваме. Последиците ќе бидат страшни. И затоа не треба да прашуваме зашто информација? Информацијата. беше нужна ние да сфатиме дека треба да ја поддржиме оваа Програма односно овие "11+3" и со тоа да завршиме и затоа дадовме аплауз. Секое друго мислење, надмудрување овде, би било штетно за Македонија, по готово што утревечер треба таа Влада наша да има таква поддршка од нас да може да бара сега вон вакви сега званици разговори, нам што ни треба. Ние сме сурови наши, да се заштити земјоделското производство и оние други работи, да не ги повторувам Кљусев убаво ги кажа. Ако тоа ние го добиеме, мислам Македонија ќе добие полн кантар,

што се вели, со тоа ќе можеме полни работи да решиме. И молбата
е моја, дајте да не се надмудруваме овдека, затоа ги избравме овие луѓе, да им дадеме поддршка за што тие и најлошо да предложат, ако се спроведе ќе даде некои резултати. Она што народот вели дека и во пеколот има рај, дајте да го бараме рајот, а не само пеколот и

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Почитувано претседателство, почитувани колеги и гости јас би рекол дека ние денеска всушност разговараме за вкупната Програма на Марковиќ за излегување од економската и од политичката а криза. Мислам дека ова што неодамна пред неколку дена се изврши девалвација на динарот, значи и паѓаше на динарот не би требало да се сфати сега дека треба да падне и Анте. Динарот падна, можеби пак ќе падне, меѓутоа, Анте има причина да останува. Од проста причина што ние имавме прилика и во способностите на Анте Марковиќ и на Владата и можности да се увериме во изминатиот период од една година. И минатата година ова време се воодушевувавме на резултатите на приличните резултати на реформата. Имавме прилика да бележиме некаде минус стапка на инфлацијата или околу нулата и сите бевме воодушевени. Меѓутоа се случи тоа што се случи за кое сме сите свидетели, па затоа се дојде во ситуација во која сме. Овие чекори што Марковиќ и неговата Влада ги преземаат во макроекономската политика, за мене значат враќање кон изворите на реформата. И јас лично ги сфаќам и мислам дека така треба да ги сфатиме сите. Реформата продолжува и мора да продолжува доколку сакаме да излеземе од состојбите во кои западнавме поради објективни а повеќе и поради субјективни причини. Рековме дека минатата година некаде во второто полугодие се случи тоа што се случи со

упадот во финансискиот систем и се друго и оттука отпочнување на таа несреќна игра без граници, со цените на мло итн.
Мислам дека токму поради тоа и поради излезните решенија што ни ги нуди се уште актуелната Влада на Анте Марковиќ, кој што по мое мислење се единствени, така да кажам опции за излегување од состојбите за други органи и други структури не понудиле опции за излез од овие состојби. Јас мислам дека тоа е причина повеќе ние да дадеме поддршка на Сојузната Блада на чело со Анте Марковиќ за да не води кон она што се определивме со првиот пакет на реформата и реформациите на закони. Нема потреба од нов пакет на мерки. Јас мислам дека сето ова што се нуди, тоа е иновирање на нешто за што и ние самите се определивме и што нашата Влада го понуди. За мене уште поинтересни се овде заложбите за поддршка на Владата на Марковиќ за што тие се поткрепени со показатели од нашата Влада кои што се доста и за почит. Нашата Влада се залага за поддршка на Сојузната Влада, меѓутоа, со одредени услови кои што се мислам децидно изложени, ги изложи премиерот професор Кљусев Затоа мислам дека ние истовремено поддржувајќи ја Владата на Марковиќ јас мислам истовремено треба да ги поддржиме и ставовите на нашата Влада, нашата Влада да биде доследна и да се заложи до крај за да се исполнат тие неопходни услови доколку сакаме, навистина, како Македонија и сме најзаинтересирани за излегување од состојбите.
Исто така, мислам за да не се случи тоа што се случи во второто полугодие на минатата година, ние мораме и на Владата на Марковиќ да и предочиме дека мора да биде поефикасна. Ако таа дозволи да биде арбитер за одредени состојби за кои што, на жалост, и тука беше со право акцентирано, мислам дека пак ќе се соочиме

со состојби со кои што и денеска се соочуваме. Мора таа да ја игра улогата што и е доверена со Уставот и со законите. Во спротивно ќе имаме проблеми. Инаку, лично мислам дека ова што и убаво овде беше речено, ние на конкретните работи, на местото, улогата и перспективите на Македонија, во рамките на еден економски и полити и мислам дека тогаш и по децидно ќе се залагаме за тоа каков да биде и тој нов модел на односи во нашата земја.

НЕИМ СЕЛМАНИ:

Почитувани претседателство и почитувани пратеници, дозволете ми само неколку збора да кажам во врска со експозето што го поднесе претседателот Анте Марковиќ во Белград. Се знае дека многу зборови не го откриваат разумот, во нив треба да се бара само една мудрост, а таа мудрост денеска се однесуваа токму во тоа што една таква временска дистанца ни овозможува да бараме дали ќе имаме перспектива со Анте Марковиќ или без него. Јас би рекол дека без Анте Марковиќ немаме никаква перспектива во сегашниот миг на нашиот развој.

Економската програма на Анте Марковиќ во овој миг од нашиот развој претставува една, сепак, основа за да излеземе од сегашниот хаос во политичките збиднувања и стопанството на нашата земја. Таа Програма покажа одредени позитивни трендови. И во овој момент, сепак, претставува еден универзален југословенски модел за излез од навистина тешката економска криза. Навистина, Македонија денес се наоѓа во мошне тешка економска безизлезна, така да се изразиме економска криза, но сепак од друга страна треба да се напомена и фактот дека Македонија сепак со овие пакет на мерки би добила еден временски простор да ги преиначува своите

модели во натамошниот развој. Инаку најлесно е да се критикува се и сешто. Меѓутоа, најголемите критичари на економската политика на Анте Марковиќ се истовремено тие кои ништо не нудат ново за излез од сегашниот политички и економски колапс. Точно е тоа што секој знае кој не ги почитува основните економски параметри на Сојузниот извршен совет на чело со Анте Марковиќ .Тој според моето мислење, а не е само мое смело чекори кон економската разврска на нашето општество. Имено, разумот е и треба да биде посупериорен за разлика од тврдоглавоста , односно разумот треба да ни служи за создавање на пристојна атмосфера а со цел да се реализираат основните и глобалните насоки на Анте Марковиќ а со тоа и политичките не ефикасни и ирационални надмудрувања треба да се исфрлат од нашиот простор.

Да заклучам, овој Парламент сметам дека треба да му даде поддршка, затоа што не постои друга посоодветна економска Програма. Ова економска Програма и покрај аргументите што е засегната Македонија, сепак мораме да собереме сили за прифаќање на Марковиќевата економска конструкција која има и поддршка и од западниот свет. Затоа треба наша флексибилност и толеранција.

АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Јас би кажал неколку збора во врска со информацијата на нашиот премиер, а за експозето на претседателот Анте Марковиќ и мерките на Сојузната влада за излез од ваквата состојба. Веднаш да кажам дека во целост ја прифаќам информацијата со изграденото мислење и ставовите на нашата Влада по ова прашање . Со ова сметам дека не го доведувам во прашање авторитетот и улогата на нас како пратеници, туку напротив ако имаме стручна експертна Влада, која направи целосна анализа, а од излагањето на премиерот Кљусев

се виде дека има целосна анализа за последиците и позитивни и негативни од мерките на Сојузната влада, сметам дека не треба да се вршат и во овој парламент анализи, каде поединечно, која организација би се нашла после овие мерки.
Уште би сакал да кажам дека не Анте Марковиќ туку свети Анте Марковиќ или било кој друг и било какви мерки да се предложат и да се преземат за разрешување и на тешката економска состојба во земјата и на политичката состојба, доколку нема политички консензус и доколку не се почитува договореното, сметам дека ќе доживееме неуспех. Ако зборуваме колкава е вината на Владата на Анте Марковиќ за неуспехот на реформите. Сметам дека многу малку имаме место да кажеме дека се виновни, ако и од излагањето на нашиот премиер слушнавме дека 41 закон се донесени, фактички за не функционирање на стопанскиот и економскиот систем во земјата . Наспроти тоа, наспроти се она што сме сведоци и го гледаме во нашава земја дека се кочат сите напори за разрешување на проблемите јас не знам која е таа Влада што може да има успех. Јас сметам дека треба целосно да се даде поддршка со забелешките односно ставовите
на нашата Влада кои што ги има за одделни сепаратни прашања кои треба да се решат во наредниот период околу курсните разлики и се она што премиерот Кљусев го кажа и со ништо да не придонесеме, ние како Република Македонија за рушењето на оваа Влада, заради тоа што сведоци сме денеска дека единствен кохезиине фактор во оваа земја остана уште таа Влада. Ако се руши, се прашувам не дали има сега друг Анте Марковиќ, туку се прашувам кој е тој што ќе се прифати, а однапред да знае дека се што ќе преземе и се што ќе биде преземено ќе има неуспех.

***VI/7***

БИЈБАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Почитувани пратеници, изгледа дека сите дискутанти досега во експозето на Марковиќ ја прочитале само политичката порака за Македонија, а во спротивно ги сметам или за луѓе кои што не ја разбираат економијата или за демагози. Оставајќи ја за момент политичката страна, се консултирав со луѓе кои што многу добро за познаваат економијата и го спремив ова излагање, увидувајќи ја одговорноста на секој од нас поединечно во оваа сала, во овој момент. Ова е трет обид на премиерот Марковиќ да со исти средства ја реши економската криза. Тоа ме наведува на една дилема дали тој и тимот околу него не можат да сфатат дека мерките кои ги применуваат пак нема да водат со плод, или се работи за сличност со реформите од 1965 година која започна со добри намери но и во неа беа заобиколени економските законитости на републиките што не доведе до тоа конзервативните сили да го преземаат водењето на земјата и наместо демократизација која и сега зачна, се плашам дека пак ќе имаме полициска репресија и некој нов вид на "договор--на економија"

Програмата на премиерот Марковиќ е концепирана во три основни точки и тоа: корекција и врзување на динарот за марката, монетарна рестрикција и благ пад на производството од околу 2,5 % како основни замрзнување на платите, интервенции со увоз како претешки мерки.

Минатата година покажа и нешто сосема подалеку од ветувањата на Премиерот.

Цените во текот на 1990 година пораснаа за 62% наспроти ветените 13%. Општествениот производ се смали за три пати повеќе од предвиденото, а производството во индустријата за 10,8% а трошоците во јавниот сектор пораснаа реално за околу 30% во вториот квартал на годината.

VI/8

На крајот на декември 1990 година премиерот повторно понуди нови и стари мерки: корекција на динарот спрема марката и монетарна рестрикција што донесоа во изминатите три месеци пад на производството по стапка од 20%, раст на цените на мало за 120% , а во производството околу 60%. Овој последен податок т.е. разликата меѓу растот на цените на производството и малопродажбите цени јасно укажува на енормниот раст на јавната потрошувачка која е изразена преку новиот систем на данок на промет.

Сега и трет пат премиерот нуди скоро исти мерки, но сега со една сосема друга цел. Со девалвацијата од 44,4% за само 11 дена бара начин да ги врати во земјата залудно потрошените девизи на штедачите, а таа прескапа цена бара пак да ја платат истите оние кои не примаат плати по неколку месеци.

Веќе првиот ден по објавување на "пакетот на мерки" пазарот го демантира премиерот. Тој вети дека растот на цените во
овој месец ќе биде околу 3%, а само поскапувањето на дериватите донесе раст на цените од околу 11% а колку ли ќе биде падот на производството кој битно ќе влијае на растот на цената по единица на производ и на растот на зафаќањето од доход и чистиот доход и на неплаќањето на побарувањата.

Трошоците на Федерацијата чината 1/4 од вкупната јавна потрошувачка, наместо ветеното намалуваше на буџетската потрошувачка од околу 30%, таа само во јануари оваа година порасна за 10%. Затоа наместо увоз на банани и леблебии и стварање на привид на благосостојба под итно смалување на зафаќањата од стопанството, замрзнување на цените на монополските системи, електростопанството, ПТТ, нафтената индустрија, воспоставување на парите на ен однос на цените кај земјоделските производи.

*VI/9*

Македонското стопанство кое е градено во овие 45 години е суровинско, а во преработувачките капацитети е ориентирано на ниско кумулативни производи. Зависно е од другите републики со енергија и производи со повисок степен на технологија. Последната мерка за лимитирање на увозот на рано градинарски производ со важност од Јули месец J«CHO укажува "ка рамноправниот однос на реформата на премиерот Марковиќ".

Што ќе стори Македонската влада да го заштити нашето стопанство на кое што другите републики му должат околу 4 милијарди динари или тоа во декември беа 600 милиони марки, а денеска се околу 300 милиони марки и дали после месец или два нема да бидат можеби 100 милиони марки. Затоа се прашувам кој ќе не штити

од експериментите на реформите, или сме осудени на тотално банкротство, бидејќи како да ни е страв еднаш да се свртиме на нашите стручни и способни луѓе кои ќе бараат пат и начин да го прилагодат системот кон нашето македонско стопанство, верувам дека тие луѓе се во нашата Влада, да се свртиме кон пазари, каде што нашиот производ ќе биде платен, а не да се залагаме за југословенски пазар, само затоа што е југословенски.

Ветувањата за меѓународна помош во овие две години се само рекламни трикови со кои се одлага денот за да се каже вистината.

Нам не ни требаат пари само од надвор. Тие се тука, во готовата сотка, во непродадените земјоделски стоки кои што се плашиме да ги пласираме на квази пазарот кој го имаме. Формулата за Македонија е многу лесна, ни треба сигурен пазар на кој добрата кои што ги пласираме ќе ги наплатиме. Нашиот граѓанин е вреден и трудољубив, имаме капацитети кои што не се искористени и до 50%

*VI/10*

Да се свртиме сами кон себе и да ја отфрлиме пресијата на овие 45 години дека некој нас не финансира, бидејќи сега навидениние излезе кој кого финансира. Ни должат скоро сите републики па и федерацијата.

И на крајот би сакала да истакнам дека, ако пак после сето ова што го кажав, политичката порака е многу по јака, тогаш секој од нас нека се изјасни, онака како што смета дека е најдобро во моментов за Македонија, и од двата аспекта и од политичкиот и од економскиот аспект.

VII/1

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, премиерот Анте Марковиќ со своето залагање за минимум функции за финансирање на Федерацијата во преодниот период и понатаму се залага за еден многу битен фактор паради кој реформата успеа, а тоа е настојува за еден централистички модел на функционирање на Југославија, со

а највпечатлив е примерот на Србија која е за Федерација во која републиките ја губат својата сувереност, а со своите потези, укинување на заедничкиот пазар, пробивот на монетарниот систем, узурпацијата на имотот од другите републики јасно го покажува своето суверено однесување на своето подрачје. Па зошто тогаш да не се почитуваат и правата на сувереност на другите републики?

Сојузната влада е немоќна да го реши овој проблем и што поскоро ја признае својата немоќ, толку побрзо ќе излеземе од оваа агонија на ниту живи, ниту мртви. Централизацијата посебно е погубна кон нашето стопанство, рестриктивната монетарна политика во која се 1алага Сојузниот извршен совет до зголемување на каматните стапки кои би успеале да ги покриеме со поголем обрт на циклусот на производството, но за жал не можеме да делуваме многу во природните процеси од сеидбата до жетвата.

Ниско кумулативната, текстилната и чевларската индустрија мораат да бараат излез во намалување на производството, што доведе до зголемување на трошоците по единица производ. Со тоа пак неминовно резултира со безработица.

VII/2
Во наши услови монетарната рестрикција доведува до неплаќање на долговите, до инсолвентност на претпријатијата, а тоа до непотребни стечаи кои доведуваат до отпуштање на работниците од работа на технолошки вишок.
Затоа мора да направиме потег и стравот од поголема лична потрошувачка. Предлагам намалување и тоа тие пари да се насочат во стопанството, но без посредник, односно без овој зеленички банкарски систем кој живее врз грбот на се поизнаместеното стопанство. Со намалувањето на каматите ќе решиме два проблеми и тоа:
1. Ќе започне вистинско акционерство, односно акциите ќе мораат да станат екстерни.
2. Ќе заживее и ќе почне да расте производството бидејќи ќе имаме зголемена лична потрошувачка.
Затоа, како мој заклучок е дека секоја реформа која бара само технолошки вишоци во производството е осудена на пропаст, проблемите се на друга страна. Преглоданиот федерален апарат, органите на управување, банкарскиот систем и се додека реформата не започне одозгора од не стопанството, излез од ќорсокакот нема да се има.
СТОЈАН АНДОВ:
Предлагам кратка пауза.
(пауза од 14, 15 до 14,50 часот).
Продолжуваме со работа.
Има збор пратеникот Фаик Абди.

VII/3

ФАИК АБДИ:

Почитувани дами и господа, мислам дека денес ние имаме еден голем долг кон еден човек кој се вика Анте Марковиќ да кажеме свое мислење за се она што зборува, за се она што го прави. Добро е што еден предложи дека не треба многу да се зборува, меѓутоа, сметам дека единствен в тој човек *во* Југославија. Јас на сојузно ниво КОЈ од "петни жили" се напрега и економски и политички, опфаќа и економски и политички моменти заради единството во Југославија, опстанокот на Југославија и за излегување од ќор-сокакот за доброто на сите жители и граѓани на Југославија. Според тоа, сметам дека сум должен на некој начин да кажам некој збор.

Прво, јас не гледам дека ние имаме Влада во сенка. Мислам дека во овој момент нашата Влада блеска со тие предлози кои што ги даде. Јас така ги разбирам тие предлози. Тие се длабоко економски предлози. Тие ќе бидат содржани во програмите на сите стопански субјекти, веројатно после ова или за време на разговорите на нашата Влада со премиерот Анте Марковиќ секој стопански субјект ќе седне ќе се преесапи, да види кој каде се наоѓа, исто онака како што беше 1965 година и јас лично имам среќа што тука седам заедно со г-динот Киро Глигоров, кога беа дадени сите мерки на Стопанската реформа 1965 година, јас во мојата работна организација седев 4 дена да се преесапам дали се вклопувам во мерките на Стопанската реформа, или не. Се преесапивме и рековме да, се вклопуваме. Но, токму политичките моменти на кои алудира г-динот Марковиќ донесоа и направија заради страв од губење на политичкото тло на тие големи идоли во Југославија економијата да ја стават под нозе, законите, пазарните законитости да ги стават под нога, да не ги

реализираат и така да си остане онака како што знаеме дека останува. Јас се согласувам дека експозето треба да го гледаме од сите аспекти, а најмногу од тие два. економската страна и политичката страна.
Се согласувам дека економскиот дел е многу страшен, што мораме да признаеме. Точно е тоа дека тоа е голема ОПАСНОСТ ЗА Југославија, но сигурен сум дека тоа произлезе од многу лошите меѓу републички и меѓунационални односи, затоа на крајот на своето излагања г-динот Анте Марковиќ кажа нешто околу оваа работа. Ние како претеници овде сме должни пред нашиот народ да кажеме, и добро е што излегуваат претставниците на повеќе партии да зборуваат овде, да речат дека мораме да имаме таков мир во земјата, за да може да се обезбеди реализација на се она што предлага Сојузниот извршен совет, Анте Марковиќ. За доказ дека може да се стори големо нешто можеме да ја земеме 1989 година. Зарем не сме кадри тоа да го признаеме? Ако можело во оваа наша убава земја да има инфлација од над 2000% и таа да се скроти и смири за 22,5 пати, зошто не го признаеме тоа ништо сме Југословени овде? *од* надвор го признаваат. Ние мислам дека не смееме така да се однесуваме. Ако скр°тувањето на таа инфлација беше фиктивно, ако внатре се криеја уште 3000 други економски нееднаквости да ги речам во овој момент, ние денес на ниво на свет имаме едно мислење, Југославија, Марковиќ односно се она што предлага Анте Марковиќ како претседател на Сојузниот извршен совет, само така може Југославија да излезе надвор и доверба од сите свеси монетарно кредитни институции, институти и не знам какви експертизи, експерти даваат позитивна оценка. Ајде ние да не се правиме поголеми експерти од големите да речам светски експерти кои прават експертизи за Југославија, дека Југославија е воздржлива само вака и вака. Но, мислам дека треба не да наведнеме глава, туку

да бидеме горди на сето ова и се она што го кажа г-динот Марковиќ во името на Владата да си го имаме овде во Собранието, секој од нас пратениците да си го има секој збор и малку да научиме. Еве, јас да научам нешто за мене, можеби сите вие знаете, но јас не знам **и** многу не можев да"фатам"од она што зборуваше човекот. Не е лошо да ционални и меѓурепублички односи бидат поинакви, во услови кога секоја република се затвара во себеси и бара нешто екстра итн.,а суровинската зависност, меѓурепубличката зависност од аспект на пазар, алудира на отворен пазар југословенски, како ќе можеме да се стабилизираме. Нека ми се дозволи,да не бидам погрешно сфатен, зашто се мешам со првата точка и можеби некако сум замаглен, велам можеби под наводници, дека е одлично залагањето на нашиот претседател на Републиката на овие самити, па и на самиот од пред некој ден, само во рамките на платформата и проширување на видикот на таа платформа од аспектот на одборот на сите нас, од аспектот на доброто на суверена Македонија и само така треба да се продолжи. Мислам дека треба да бидеме горди на вакви луѓе, на ваков човек, ваков претседател **итн**. Јас читав во Печатот дека одредени луѓе веќе го отпишаа Марковиќ. Падна динарот, па и Анте Марковиќ. Мајката, многу убава работа. (во салата настана џагор). Како да Марковиќ виси на некоја јаболкница, тоа е јаболко и треба да падне. Можеби има и одредени партии кои се залажуваат на некој начин, одредени личности на партии итн. Ајде да ги погледнеме со човечки очи сите резултати и се она што треба да прави^^е како Македонија, како држава. Сигурно ќе ни опадне производството, ако имаме ваков органски состав на капиталот.

Сигурно ќе ни опадне  производството ако не сакаме преструктуирање , ако не сакаме модалитети, ако не сакаме нови капацитети, ако не сакаме повеќе производство со помалку работна рака  Боже мој, ние сме вработувале луѓе, ако треба 5 сме вработувале 15 на таа машина, мој човек, твој човек, негов човек, е сега пазарот не трпи она што го потенцира одредени колеги пратеници ако смеам така да ги наречам нека ми простат, господа пратеници. По единица производот  е ваков или онаков. Не,јас ВЕЛАМ обратно. Ако ние ЈА измениме структурата рата на  нашите основни средства бидејќи живееме во ера на компјутеризација, модернизација итн., на тие технолошки иновации, наместо 100 да даде производство 500 единици, наместо со 31 човек да работи со 15 луѓе, нормално е дека ќе имаме поевтино производство и ќе
живееме подобро. Да се избориме за такво нешто, а не да го напаѓаме човекот иш а речеме дека - можеби некој ќе сака да предложи да падне Сојузната влада.
Да не ве задржувам повеќе, но во името на Социјалистичката партија, така се договори претседателот не е ТОЈ тука; и во името на Партијата за целосна еманципација на ром,ние во Македонија, апсолутно голема поддршка да се даде на г-динот Киро Глигоров во продолжението во понатамошна^е преговори на ниво на Југославија и поддршка на нашата Влада што се појави денес со овие можеби мали изнесувања но многу вредни.
МИТКО АНАСТАСОВСКИ:
Драги господа и дами, нема да се задржувам многу, јас обично малку зборувам, не сум некој оратор, но ми се чини се фрламе во една игра без граници. Македонија ја фрламе во една игра без граници. Каде ќе биде крајот, еден господ знае. Мене ми изгледа ваква работата. Дојде арамија во куќата, ја украде и му велиш сполајти, дојди пак утре". Научил другиот арамија, пак дошол во куќата

те ограбува, "сполајти" дојди утре пак повели ќе се доградиме. Јас колку гледам работиве не ни чинат. Не сакам да повторувам некои работи. бидејќи стопанството навистина ни е во колапс. Дали сега Анте Марковиќ ќе биде тој што ќе не спасува, мене не ми се верува. Кога го реков вториот збор Дека дојде арамија, еден п
да преземе. Дали утре(г-динот претседател на владата рекол дека треба некој да се казни) некој ќе се казни, кој е тој што ќе го казни арамијата? Не може да го казни никој. И Анте Марковиќ не ќе може да го казни.
Кога реков дека стопанството е во колапс, од нас никој не се праша зошто е во колапс стопанството и што ние преземаме во времето да не падне стопанството во колапс. Дали сега со новите реформи не ќе бидеме во уште потешка ситуација? Јас сум тука 2-3 месеци, секој ден околу оваа наша куќа де жени де мажи бараат работа Колку можев да разберам стопанството, фабриките и земјоделството ќе се најде во уште потешка состојба. Дали не ќе му овозможиме сега на арамијата да му ги дадеме без пари и фабриките и големите стопанства, а тогаш кој ќе не спаси? Никој. Дали ние пратениците не ќе бидеме виновни од било која партија да сме? Нас народот не избрал, а ние него заштитивме. Зошто? Ве молам, уште нешто. Ние повеќе се занимаваме со политика, а не со реформа, не со стопанство, не со земјоделство. Повеќе гледаме вака од еден агол според партијата и припадноста како нам ќе ни се погоди, дали Југославија... Извинете, другар претседател јас малку ќе се надоврзам на друго

VII/8

СТОЈАН АНДОВ:
Ве молам да се држиме на темата.
МИТКО АНАСТАСОВСКИ:
...каква ќе ни годи, ваква или онаква. Нека ми простат другарите од ПДП -НДП, ние сме Македонци, први го овластивме нашиот претседател да ја штити Македонија со Декларацијата што ја има пред себе си и со таа ќе настапува. Секој друг пат за нас Македонците е огромен хаос, ќе не проколнат и деца и внуци и правнуци.

VIII/1

САНДЕ ДАВЧЕВ:
Прво да кажам дека во подмолност го поддржувам експозето на премиерот Анте Марковиќ и заклучоците што ги изрече нашиот македонски премиер, односно Владата што ги презема за нивните натамошни активности. Морам да кажам дека реформите не се само економски, туку политички и овозможуваат по демократски пат да се дојде до овој парламентаризам. Прифаќањето на реформирање значи демократско вклучување во Европа.
Морам да кажам дека со оневозможување односно соборување на Владата ќе овозможиме на оние што сакаат да бидат партнери со сите економски институции во Европа. Место да биде Владата, господата претседатели на републичките сакаат да ја вршат улогата на Влада. Со тоа не може да се согласиме. Не можам да се согласам со деталите што ги изнесе пратеничката, што секој ден ги читаме во "Политика" како напис на Звонко Локан, Милошевиќ чтн. Тоа се сфаќање на таквите големци републички и со такви коментари не можам да се согласам.
Висока е цената на реформата што ја плаќаме. Меѓутоа до оваа цена дојдовме со една договорна економија на ниво на Југославија, во која се најде Македонија. Но, цената ќе биде уште повисока што ќе ја платиме со хаосот што ќе се јави со не прифаќањето на Програмата. За таа цена ќе бидеме ние одговорни. Дали ние тука ќе видиме за ниски камати или друго, тоа е работа на пазарот. Да не се занимаваме тука со вакви или

такви камати. Имаме Влада и тие реформи треба да ги спроведе.
Не сакам да го одземам вниманието и стрпливоста на пратениците, уште еднаш повторувам дека треба да ја поддржиме програмата и сите заклучоци што Владата ги донесе.
АЦО СПИРОВСКИ:
ситуација што на земјата и претстои договарање , политички консензус , за што морам да кажам искрено воопшто не верувам од едноставна причина што во преговарачите има претставници односно претседатели на републики кои се неискрени. Не мислам тоа за нашиот претседател. Во однос на тоа прашање би имал само толку.
Меѓутоа, во однос на другото кое мора да се решава, претставува животно прашање би искажал неколку моменти кои сметам дека се важни. Исто така, треба нашата македонска суверена држава веќе навистина да се однесува како држава во смисла на тоа да влече што е добро и во интерес на нејзините граѓани и тоа да го прави.
На мислеше сум дека секој добар стопанственик ќе беше согласен и можеше јасно да се види дека се претпочитува девалвацијата на динарот. Тоа можеше едноставно граѓанинот да го види во однос на стоката што се нуди за широка потрошувачка. Цените на производите произведени во Југославија беа, ако не за 10, 20 па и 50 посто поскапи во однос на цените на производите од увоз. Во последно време имаше такви производи што далеку отскокнуваа од извозите.  Нормално беше да се појави еден притисок од одредени републики да се направи и таа девалвација кој

*VIII/3*

морам да кажам особено ја погоди македонската држава во смисла на тоа што цените на тие производи што не се произведуваат во Република Македонија, а се многу присутни во широката потрошувачка беа повисоки. Сега, со девалвацијава веќе се доближија односно имаат конкуренти на извозите цени.

Зошто Анте Марковиќ за нас? Едноставно треба да се прифати и не треба многу да се дискутира ако го префаќаат светските развиени земји, ја прифаќаат неговата програма како добра, дека е еден правец на доближување кон Европа и светот. И ние треба да се вклопиме во таа програма.

Меѓутоа, нешто интересно што тука не го дискутиравме. Што ако Анте Марковиќ падне? Јас очекувам да падне од едноставна причина што мислам дека Србија, Хрватска, а можеби и Словенија ќе гласаат против него, од едноставна причина што ја кажав во однос на цените, затоа што тие ќе го изгубат пазарот во Југославија. Се уште немаат светски или европски цени, конкретно способни со што ќе излезат во Европа. Се уште ја гледаат шансата тука. Ми се чини дека во целото ова политичко договарање постои една смислена добра игра, што може да се забележи во сето ова. Еве, Словенија излегува, па се премислува, Хрватска нешто друго чини, Србија нешто друго. Меѓутоа, сето тоа се сведува на едно: економијата мора да работи, интересот мора да работи. Каде е Македонија тука?

Ги поздравувам потезите што ги прави нашата Влада што ги предвидува во однос на откуп на девизи на поранешно ниво. Но, сепак сметам дека треба да ги најде сите македонски производи,

да оцени кој е тој македонски производ, првенствено мислам на она што имаме, да не повторуваме состојби што имаме *со* години по ред околу виното, тутунот, оризот, со текстилната индустрија што е многу развиена во Македонија,с о некои поголеми гиганти што ги имаме но за жал некој добро а некои полошо работат. Тука мислам на Рафинеријата, на Железарата, ФЕНИ што не работи. Тука мора да се најдеме. Мора да се заштити нашиот македонски производ под итно.
Во однос на долгот на другите републики спрема Македонија, можеме да согледаме една состојба каде што нашиот долг е ориентиран кон север и во голем дел неплатен. Меѓутоа, сметам дека не постои добра економска соработка со нашите соседи. Тоа го повторувам, тоа е забележително и се забележува и можам да тврдам. Во однос на Бугарија, можеби стварно имаме најголема стопанска соработка на ниво на земјата, но во глобал на земјата, во рамките на учеството на Македонија, тоа е сосема малку. Сметам дека тука треба особено да се прават напори границата да се ослободи за непречен проток во смисла на тоа ако немаме веќе македонска дипломатија или се стремиме да ја постигнеме македонската дипломатија, тогаш преку сојузната но агресивно да се постави проблемот таа граница да работи како што треба. Во која смисла? Срамота е Македонец, дали ќе е стопанственик или граѓанин да чека по десет часа на граница. Тоа е недозволено.
Во однос на Република Грција сметам дека тука побрзо ќе се прилагодиме бидејќи односите на стопанисувањето таму се поинаку поставени. Меѓутоа, ми се чини дека е слаб интересот на Републиката спрема тој пазар, а тој пазар работи со целиот свет.

VIII/5

Во однос на НСР Албанија сметам дека тука особено треба да се отвори границата во смисла на тоа што и таа земја се отвора кон светот и поседува големи потенцијали и можности за соработка. Тоа не треба да се пропушта. Треба да се доизградува постои никаква опасност нека ми простат средствата за јавно информирање кои цело време не оградуваат кон овие субјекти што ги спомнав поради некој наводна "шиптаризација" појавине на "бугарофили" и слично. Економијата мора да работи.
Сметам дека има големи слабости и пропусти и од наша страна. Ако веќе не постоела бирократски и административни пречки од другите земји, има големи пропусти од наша страна. Нема иницијатива каква што треба. Има многу непотребни формалности. Тие треба да се скратат. Само за пример да ви кажам дека царинска декларација во Германија завршува само на еден лист со сите податоци. Кај нас за една царинска декларација се оформува, богами, една добра папка.
ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:
Би сакал да кажам неколку зборови. Најпрво, сметам дека ќе ги допрам сите точки што беа спомнати денеска во оваа дискусија.
Би почнал со една моја лична констатација што дел од пратениците констатираа, а тоа е дека не очекував дека ќе добиеме само информација за експозето на господин Марковиќ, бидејќи таа информација во поголема или помала мерка можевме да ја добиеме и преку средствата за јавно информирање. Навистина очекував една конкретна анализа од Владата на експерти во која анализа навистина ќе се видеше што до сега добила Македонија, што изгубила до сега

*VIII/6*

Македонија, а особено што може да очекува да добие ч да изгуби од претходниот период што го нуди господинот Анте Марковиќ.

Никако не можам да се согласам со дел од дискутантите кои постојано зборуваат за реформите на господинот Марковиќ никако не можам да ги сметам успешни оние реформи што оставиле десетица не десетица фабрички затворени зад себе, иљадници ч иљадници работници без работа. Посебно за македонското стопанство, уништен македонски селанец, земјоделец, кого гледаме дека секојдневно сега штрајкува, затворени девизни штетни влогови на граѓаните веќе три-четири месец. Тоа се работи кои ако ги извлечеме од позадината зошто сето тоа се случило, не можеме да ги крстиме дека биле позитивни реформи.

Би застанал на еден друг момент, а тоа е моментот дека овде постојано зборуваме за економската реформа , која овде ја нуди господинот Марковиќ, и постојано сите зборуваме, а можеби тоа го посакуваме, дека се тоа некои нови мерки што треба да не извадат брзо и силно од оваа криза до сега. Меѓутоа, ако се направи добра анализа на сето ова што го понуди господин Марковиќ како економска програма за иднина, ќе се види дека во центарот на сите тие мерки како единствена движечка сила на сите тие мерки што треба да произлезат е само обичната девалвација на динарот и тоа за 50 посто. Ако за тоа сметаме дека се некои позитивни економски мерки што можат да ја раздвижат Југославија и Македонија, јас сметам дека се лажеме затоа што таква економска програма барем десетина пати во последниве две-три години имаме видено наназад и видовме дека ниту една реформа која почиваше строго само на девалвацијата на динарот не донесе ништо ново.

***VIIII/7***

Колку таа економска реформа е површна, колку не навлегува во суштината, можеби зборува и самиот податок што ново понудениот буџет на новата југословенска федерација изнесува околу 130 илјади милијарди динари, од коч повеќе од 50 посто се наменети на ЈНА. Со тоа Југославија понатаму останува. убедливо на  место на светската ранг листа на одвојувања за вооружените сил
максималното одвојување е до 25 посто. А, Југославија, таа е на првото место со над 50 посто издвојување за армијата. Сметам дека додека со такви реформи не се почне во оваа Југославија тешко да има некаков напредок, пред се во поглед на економијата.
Конечно тоа што можам да го кажам за оваа програма е дека може да ч се даде поткрепа единствено од плочички аспект. Повторувам, само од политички аспект. Зошто? Затоа што повеќе од очигледно е за сите , а и јас тоа го гледам дека падот на Анте Марковиќ како политичар во овој мчг, кој претставува единствен синоним за Југославија, заедно со ЈНА, ќе доведе до несакани политички последици од позиција на Македонија, бидејќи повеќе од сигурно е дека никој нема да може да формира некаква Југословенска влада. А, хаосот, за кој вие многу зборувавте до сега, најмалку ч е потребен на Македонија. Сметам дека Македонија во овој миг не е подготвена за конечниот удар, распаѓањето на Југославија.
Пак ќе кажам, јас апелирам само и ја потенцирам плочичката поддршка на Марковиќ, никако економската, затоа што повеќе од очигледно е дека веќе Југославија навлегува во еден нов бран на инфлација  која , можеби , за помалку од половина година ќе надмине некој астрономски цифри за кои сега и не сонуваме затоа

што започнува едно зголемување на цените, а со ништо не се гледа дека падот на производството, односно затворањето на фабричките, отпуштањето на работниците, нема и понатаму да трае.
Што се однесува до сите овие дискусии , јас ќе
Анте Марковиќ сега? Од коч причини? Ние вчера слушнавме дека Парламентот на Црна Гора не ја поддржува политичка на Анте Марковиќ. Тогаш нормално се поставува прашањето, ако тој бара, и не само тој бара, реалноста на тоа не води, поеднаков политички консензус на сите републики во Југославија, тогаш на што ќе се потпира таа економска програма? Дали треба во Црна Гора да праќаме војска да ги чува банките црногорците да не украдат милијарда или две милијарда долари од Југословенскиот трезор?
Пак ќе кажам, можеби денеска или утре ќе чуеме
дека тоа го направиле и Словенија ч Хрватска, не го направило Србија, а ние , што е многу разочарувачки, целата наша економска програма ја потпираме ч се залепуваме само за реформите на господинот Марковиќ. Јас се надевам дека нашата Македонска Влада во скоро време ќе излезе со сопствен македонски поглед на економијата на развојот во Македонија. И,се надевам, а сигурен сум во тоа дека единствено држејќи се само до Анте Марковиќ во поглед на економијата сигурно дека нема да стигнеме премногу далеку.

VIII/9

СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА:
Давам целосна поддршка на излагањето на претседателот на Републиката Киро Глигоров и на претседателот на Владата Никола Кљусев. на инфлацијата што доби и светско признание и признание на нашите народи. Со оваа поддршка ќе му дадеме поддршка и на нашиот премиер, на нашата Влада да успее да направи национална програма за разрешување на економските програми, и испаѓање од економскиот хаос во кој се наоѓаме. Можеби реформата ќе беше и поуспешна ако во текот на минатата година не се случеа тие меѓу републички блокади што на некој начин ја сопреа реформата и на крајот на годината да се дојде до одредени негативности во економиката. Со тоа да дојде до новиов иноваторски потез девалвација на динарот што беше најавено ч веќе е на сила.
Ние, овде како Парламент сметам дека давајќи поддршка на овие реформи што се сега во тек ќе постигнеме од овие тешки состојби во кои се наоѓаме да дадеме еден нов импулс и на стопанството и на соодветните институции, да се изнајдат најдобри решенија за испаѓање од овие кризни моменти. Со тоа да се создадат можности стопанството да испадне и од трендот на отпуштање од работа, на безработица. Тоа сигурно со оние моменти што се во проекција, како што се новите проекти "Вардарска долина", "Шведски села" итн., со нови проекти во смисла на излегување од кризните моменти.

IX/1

ДРАГИ АРСОВ:

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници.

Уште на почетокот ќе го изнесам ставот дека Македонија Марковиќ зошто затоа што тој се залага за таква Југославија како што ја сака тој, или за било каква Југославија од причина ако таква Југославија постои каква што тој ја сака, па макар и било каква. тој останува, ако таква Југослав]а исчезне, исчезнува и тој. Според експозето на господинот Анте Марковиќ и според моето мислење во најпроблематичните потези на Сојузниот извршен совет се мерките со кои се сака обновување на четиримесечното замрзнување на девизниот пазар. Господин Марковиќ на стопанството и на граѓаните и овој пат им дава ветувања, а со тие ветувања им дава и големи обврски на деловните банки. Тој ведачи на девизи, меѓутоа, што е со старите девизни штедачи? Тие и натаму чекаат пред шалтерите/ Дали нешто порадосно ќе доживеат и новите девизни штедачи? Јас мислам не. Причините за барањата за овие штедачи се јасни. Федерацијата нема покритие па според тоа останува отворено прашањето како ќе се извлече од девизно штедната слепа улица? Имено, ако точно постои 9 дена од првата уследи втората девалвација од 13 дин. за една марка, тогаш се поставува прашањето како таа ќе се одрази на стопанството во земјата. Одговорот е непознат. Затоа е време да се постави прашањето. Што се случува *со* реформската програма на господин Анте Марковиќ чиј темел беше конвертибилниот динар. Според неа

IX/2

се ветуваше дека ќе се премости кризата за доследно време. Најновите настани покажаа дека за жал, очекувањата ќе се исполнија, конвертибилноста се напушта, цените растат над предвидените параметри, стопанството е погодено од опаѓање на производството што ќе му продолжува .Соочен со ваквата состојба Марковиќ се обидуваше за излез од кризата и со првата своја девалвација од 9 денари за една марка и уште тогаш се тврдеше дека таа не може да постигне целите односно дека претставува некаква млитава девалвација и дека таа нема да им помогне на извозено успешните претпријатија што и времето го покажа, а тоа го покажа и самиот Марковиќ со втората девалвација, но и покрај тоа а п**ак** ветувања како и по првата девалвација која беше потврда за сломот на реформската програма. Сега, со втората девалвација, треба да се даде **и** оценката дали таа ќе претставува воскресе на новата реформиста програма со нова конвертибилност. Јас мислам не, затоа што не се дава одговор кога девизите ќе можат слободно да се купуваат според службениот курс. Не се дава одговор и на други прашања за кои овде и стануваше збор. Очигледно овде дека Марковиќ веќе ги губи шансите. Производството опаѓа како што е случај и со надворешнотрговската размена. Мислам дека Републиката не е подготвена да ја прифати понудената понуда "11+3" бидејќи со неа се гледа опасност од централизација на надлежностите што е спротивно на тенденцијата за осамостојување од централната федерална власт. Од тие причини овој момент го сметам за решавачки момент. Дали Македонија дел од своите надлежности треба да ги отстапи на сојузните органи и на тој **начин** на Федералната влада да **и** се овозможи да управува во **економската политика или нема да ја дадеме поддршката.**

IX/3

Соочени сме со таа одлука. Републиката треба да реши, дали треба да се даде поддршка и да се преземе одговорноста за последиците што ќе настанат. Јас лично мислам дека Републиката не треба да даде поддршка и тој став сметам дека треба да го поддржиме

Почитуван претседател, пречитувани пратеници.

Мислам дека оценките за експозето на Анте Марковиќ прво треба да бидат реални, а во овој момент за Македонија треба да бидат и политички мудри. Во услови на една правна анархија, каде не функционира правниот систем кој е поткопуван со ставање во предност на републичките прописи пред да се стават во улога сојузните закони, во услови кога имаме предвидени на платниот систем со земање на незаработени пари, во услови на побивање на монетарниот систем со издавање на лажни пари, јасно е дека приликите за реализација на реформата на Анте Марковиќ не можеа повеќе од толку да бидат. Ние сме имале од денот кога дојде, кога настапи еден процес на инфрактори движења во земјата ние смениве повеќе влади. Мислам дека ваков позитивен скок во однос на достигнувањата на Анте Марковиќ ние до сега не сме имале. Ние сме имале инфлација, вие се сеќавате и порано, инфлација од 2500. Ние доведовме до еден период инфлацијата да биде толку колку што е денеска и доведовме конвертибилен динар и дојдовме во ситуација да имаме меѓународно правно признание во однос на економијата ја водеше до сега Сојузната влада. Мислам дека треба да бидеме критички и реални на оценките зашто ова е битно во однос на понатамошниот опстанок на Македонија.

IX/4

Не може да се согласи во моментот Србија да бара да остане Анте Марковиќ кога целите на Србија се да се воведе централистички систем, а знаеме дека теоријата на Анте Марковиќ е како што сите знаеме што и тој доведе да се воведе политички плурализам, плурализам во сопственоста,негови беа заложбите и од него почнаа,но почнаа од Слободан Милошевиќ кој што заговара друго Сигурно тоа и одговара и на Словенија затоа што во моментов бара развржување .Мислам дека тие два моменти сигурно одат во прилог на тие две републики, но во моментов на Македонија и одговара да постои ваков систем на суверена македонска држава со користење на заеднички цели. Јас се согласувам со експозето на Анте Марковиќ, меѓутоа со едно не би се согласил не знам дали тоа се прави од Владава од политички аспект, мислам дека требаше да се даде едно написмено или усмено да им се објасни на пратениците дали со таквата програма се во целост изразени националните локални специфичности на Македонија. Мислам дека тоа беше битно во моментот да се направи што уште повеќе можеби ќе ги афирмираше политичките, економските и на крај суверенитетот на Македонија. Јас мислам дека треба да се прифати експозето на Владата на Југославија и да се прифати експозето на Владата на Македонија.

СИМЈАНОВСКИ НАУМ:

Господнине претседател, реплицирам на излагањето на господин Драги Арсов, каде наведува на заклучокот Македонија да не даде поддршка. На оваа говорница застапува лично или партиско мислење,а не едно мислење на една република. Исто така, ја користам приликата да ја поддржам програмата на Анте Марковиќ
што ја изложи и која е поддржана од нашата републичка влада.

IX/5

Морам да потсетам дека Анте Марковиќ го презеде водењето на Југославија во хаотична состојба и знаеме за кој период на кој стадиум ја доведе, така да мислам дека програмата на Анте Марковиќ ја поддржа цел свет, од Буш до Митеран и Грбачов.
Таквата констатација
СТОЈАН АНДОВ:
Господин Арсов се разбира зборуваше во свое име.
НАУМОВСКИ *СЛАВЕ*
Јас би можел и покрај сите дискусии што поминаа, чувствувам дека господин Кљусев заедно со целата Влада излезе навистина суверено. Прво, ги застапува комплетно интересите на суверена Македонија,имав пријатна можност да слушнам едно убаво методолошко излагање на целиот критички однос на Владата кон програмата што ја донесе Сојузниот извршен совет. Во таа смисла сметам дека треба ако овој факт го имаме пред себе е изразен еден критички осврт и однос кон програмата која ќе ви овозможи да го поддржуваме европскиот канал и на тој начин ќе можеме побрзо да се интегрираме во Европа. Тоа значи дека почнатите реформи односно почнатата демонтажа на политичкиот и на економскиот систем во земјата и во Македонија со остварување на делот овие реформи и ние ја прифаќаме цената за побрзо интегрирање во Европа. Инаку сметам дека навистина се доживеа полно удари што се одразија негативно на нашето стопанство, а тоа е битка но во склоп на една долга војна. И на крајот сметам дека треба да излеземе со едно поинакво мислење, во случајов сметам дека треба да се даде поддршка на програмата односно, на она што како

критички осврт го даде нашата влада во однос на програмата и воопшто не сметам дека не треба да гледаме момент на делби  во однос на изјаснувањето бидејќи тоа што ние тука ќе можеме да се изјасниме всушност ќе оди во прилог на нашата интеграција
на поддршката посилно европски институции и светски завршувајќи со изјавата на Демикелис пред два дена.
ТИТО ПЕТКОВСКИ:
Почитувани пратеници ,смислата на ова наше долго расправање околу експозето на Анте Марковиќ го гледам единствено, ако ги гледаме излагањата на претседателот на Републиката и претседателот на Македонската влада интегрално^ расправајќи токму за проблемот и мигот на времето за кој расправаме. Што сакам да кажам. Заложбите што беа и на претседателот на Републиката и на претседателот на Владата во овој миг јас ги сфатив само како заложба за мирна разврска на југословенската криза, а никако во овој случај да расправаме ва дали целосно треба да се поддржи програмата на сојузниот премиер, односно на сојузната влада. За тоа впрочем ќе имаме~ прилика и како Влада и како Собрание да се произнесеме за сите елементи, за сите компоненти на програмата што ја нуди премиерот Анте Марковиќ. Јас ова го сфаќам исклучиво само како заложба за мирна разврска на југословенската криза, а за мене, во овој момент, поддршката токму на Анте Марковиќ за неговото експозе е синоним за мирна разврска на  југословенската криза. Зашто, видете, екстремен радикализам во Европа, во Азија вкупно никого нема да не усреќи Непочитувањето на природните процеси во развојот на општеството само можат да водат кон анархија, а

екстремен радикализам по правило секогаш носел со себе сила, агресија, војска, полиција и се разбира тоталитаризам. Ништо повеќе и ништо помалку од ова што сега е заложбата на претседателот на Републиката и претседателот на Владата, Во овој МОМЕНТ ЈАС само низ таа призма ги гледам овие заложби апсолутно рамноправен! Не би сакал Македонија во оваа прилика кога сите републики се произнесуваат за излезот од оваа криза да влезе ниту во една комбинација ниту во друга комбинација. Ниту во сепаратистичка комбинација, ниту во комбинација на две републики кои се прогласуваат себеси како единствени легитимни претставници односно застапници и продолжувачи на континуитетот на Југославија. Претседателот многу сликовито ги кажа последиците од една таква варијанта до колку влеземе. Не сакам апсолутно овде така да кажам што значи доближувањето на тие два става од ова Собрание на екстремниот став и на српскиот национализам и на црногорскиот, а визави она на словенечкиот сепаратизам. Се измислуваат категории на разружување само за да не се поднесуваат последиците, се разбира економски и пред се меѓународно правен статус. Нема причина ако во Македонија дојде до хаотична состојба да се говори за положбата и статусот на Македонија. Јас не би сакал да влеземе ниту во една варијанта која Македонија ќе ја третиравме како примитивна средина и како сепаратистичка заради угледот на Македонија во утрешните односи било во Југославија или надвор од Југославија. Не само поддршката на меѓународните финансиски кругови, пред се, политичкиот углед на Македонија и односот ако сакаме утре кон една суверена македонска држава како што за тоа се залагаме. Според тоа, ако ние сосема јасен односот

денес една цивилизирана Европа и свет како гледаат на интеграционите процеси на Европа во целина јас сакам Македонија да ја видам утре во едно такво светло. Утре да ја видам Македонија како партнер на секоја развиена република, партнер за почитување, за респект има ли причина овде да кажеме дека со Грција практично границите ни се затворени .Владата веројатно во некоја прилика ќе ни каже колку губиме ние дневно за таксите на транспортерите што идат сега преку Бугарија, Србија, а Македонија сега ја избегнуваат, значи практично таа граница ни е затворена.

Која е другата ориентација на Македонија? Не сакам да говорам какви се односите кон Албанија. Во Албанија сеуште навираат демократските процеси. Нас ни останува единствено интегрирање во Европа, а гледате Европа на прагот на 1992 не признава никакви феудални заедници како еден бастион на национализмот што упорно сите сакаме да го браниме. Според тоа, националните интереси на Македонија низ призма на програмата на Анте Марковиќ јас денес не сакам да ги елаборирам и за тоа веројатно не расправаме, јас така ја сфатив денешната расправа. Сакаме да расправаме како да се однесуваме како република во натамошната разврска во југословенската криза, да дадеме мандат на претседателот на Републиката врз основа на платформата што ја усвои ова собрание да ги продолжи натамошните разговори, а никако издвоено од моментот на поддршката и на сојузниот премиер. Мислам дека сосема совршено јасно дека одењето на Анте Марковиќ им одговара на оние сили кои сакаат Југославија час поскоро да ја растурат. Од тие двете причини за кои пред малку зборував. Ако сакаме да се вклопиме во едно такво сценарио јас сум убеден дека Македонија го губи својот идентитет, а Македонија мора да настапи со свој препознатлив став во југословенските рамки.

**IX/9**

**за да не се вклопи ниту во едно сценарио ниту во друго сценарио. Затоа мислам само развојот на југословенската криза натамошните преговори можат само во функција на разговорите за натамошниот развој на југословенската криза) денешната седница може да помогне**

да се води дијалогот а. убеден сум екстремно радикалните методи можат да доведат само до хаос во која можат да ловат само неприја**тели, а се знае кои ловат во матно.**

X/1

ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, мислам дека не е во ред денеска и на оваа говорница однапред да правиме инсинуации во врска со тоа што другите републики се договориле во врска
како и за тоа дали еден политичар ќе постојува и дали ќе биде централна и маркантна личност во Југославија со тоа ако неговата програма се прифати, или не. Основно нешто што мислам дека денеска поведовме парламентарна расправа е согледување на причинско последичните односи за Македонија односно што значи прифаќањето, а што значи не прифаќањето на програмата на Анте Марковиќ денеска и кој ќе биде тој политички субјект кој што ќе се соочи со комплексниот кризен колапс во сите дејности со кои што ќе се сретнат нашите граѓани доколку оваа програма не биде прифатена. Секоја една реформа па и оваа нормално не може подеднакво да погодува на интересите на сите. Затоа, согледувајќи ги сите слабости со кои што оваа реформа се сретна на подрачјето на нашава Република, па конкретно и се она што беше речено во врска со земјоделството и аграрот, меѓутоа, сигурно не како последица на првичните мерки кои што оваа реформа ги посочи, туку како последица на опструкциите кои што беа правени во врска со нејзиното остварување, како и во врска со се она што ја погодуваше Македонија како неразвиена република рамноправно да застане на договорот со развиените републики, па во овој случај Србија, Хрватска и Словенија и **кои што** очигледно на поголемите не им погодуваше

доведе до одредени слабости со кои што нашава Република се сретна и кои што велам и повторувам не се изворни решенија кои што оваа реформа ги нуди, туку се последици на една неправилна спроведувана политика која што сакаше да ги има овие работи за цел, за да може распадот на Југославија да биде што покоректен односно за да можат одредени републики да диктираат со она што значи Југославија, односно да цитираат со она што значи политика на помалите во кои што сакале или не, ние мораме да се сложиме. Меѓутоа со тоа што донесовме наша декларација, со тоа што донесовме наша платформа, па ако сакате и со сите оние модалитети што денешната Влада ги предложи како мерка, на кои што ќе им ги предложи на програмата на Анте Марковиќ сега модифицирана а јас велам пак старата, меѓутоа, со едни многу поригорозни санациони мерки за оние кои што не ја понудуваат, не ја почитуваат правната држава е излезот од оваа безизлезниве во кое што всушност се наоѓаме. Според тоа почитувани пратеници мислам она што се сите присутни она што сите ние го знаеме Европа сами не  признава, патот кон Европа е многу тежок, многу долг, а влезниот билет е само кај господин Марковиќ.
МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:
Дами и господа, покрај другото како императив за економска стабилизација на Југославија, па и на Македонија се спомна и неминовноста од свежи што значи конвертибилни пари потребни за ревитализација на скоро парализираното стопанство. Светските финансиски институции Југославија, а со тоа и Македонија ги смета за многу ризични, можеби најризични подрачја. Додека земјава ужива ваков статус странски

х/з

средства и инвестиции не може да има. Сликата за оваа земја може да се измени и ќе се измени, но не само со декларации, резолуции и програми, туку и со институции кои ќе обезбедат полни човекови права на граѓанинот без разлика на начинот и концесии. Без мир и меѓусебна слога без политичка стабилност нема странски средства, ниту за Југославија ниту за Македонија. Само по евентуалното добивање на толку потребните странски средства ќе проработи пазарната економија која како бомба ќе ги разнесе сите национализми кои се најболниот синдром сега не само на Југославија и Македонија, туку и на Балканот.

ЈОРДАН ЗАФИРОВ:

Почитуван претседател,почитувани пратеници, понудените мерки од страна на Сојузниот извршен совет, а особено девалвацијата сигурно неповолно ќесе одрази врз македонското земјоделство и аграрот во целина. Пред се заради тесната зависност на нашето земјоделство од увозните компоненти за производство на заштитни средства, вештачки ѓубрива, семенски материјал кои се претежно од увоз. Особено ќе го погоди ориз производството поради високите заливи, ниската продажна цена на домашниот ориз што е резултат на неконтролираниот увоз на ориз со сомнителен квалитет, а од друга страна принудени сме да користиме репроматеријали со два до три пати зголемени цени во споредба со претходната година заради што рентабилноста на оваа национална култура е доведена во прашање, а со тоа и нејзиното понатамошно одгледување. Сето ова не значи дека не ја поддржуваме политиката на Сојузниот извршен совет, но искажаните аргументи се надевам дека Владата во утрешните разговори со Анте Марковиќ ќе ги има во предвид.

X/4

РИСТО ДАМЈАНОВСКИ:

Почитуван другар претседател, почитувани пратеници, ова повеќе можеби би била една реплика упатена на другарот потпретседател. Мислам цифрите кои се употребени дека во средства потребите на ЈНА сигурно можам да потврдам дека не се точни .Во Југославија однос на сите нагони соседи к пош мал процент од националниот доход издвојува за потребите на вооружените сили и последните десет години изнесуваат од 3,8 до 4,6. Овие податоци можете да ги видите во статистичкиот билтен на Југославија. Само толку, за да бидеме разбрани. Да не ја напаѓаме армијата, армијата не е виновна за се ова што се случува во земјата. Во секои наши дискусии се упатува на армијата. Јас се извинувам Љупчо, но не знам зошто армијата, армијата. Армијата е еден столб кој што ги штити интересите утврдени со Уставот и законите на Југославија. Дури постои овој устав и овие закони армијата така ќе се однесува. Утре кога ќе бидеме суверени, ако бидеме одвоени, тогаш ќе размислуваме само за Македонија, а не и за Југославија. Со Југославија може само соработка, а дури постои Југославија мислам дека треба да ги респектираме сите институции кои функционираат во земјата. Не е коректно непрестајно да се расправаме за некои работи кои денес се легални и уставно утврдени.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Извинете, јас можам само да го повторам мојот став. Ако сакате можеме да направиме експертна група тоа да го потврди.

X/5

Југославија според новиот буџет на Анте Марковиќ одвојува не сум сигурен дали е 51, дали е 52, или 53%, меѓутоа, може тоа да се издвои од Буџетот. Да ги погледнеме, да ги споредиме. Светската банка имаше можеби пред 15 дена анализа на сите држави во светот. На прво место бевме во Југославија. Сега јас тоа не го измислив, тоа е податок. И можеме да направиме група за да го испита тој податок, па да видиме. Инаку просекот на европските земји од издвојување од Буџетот е 10%.Таму каде што има воена диктатура оди до 25%, а Југославија е 53%.Вие зборувате за националниот доход, а јас зборувам за од Буџетот.

СТОЈАН АНДОВ:

Покрај тоа оптоварувањето на националниот доход за оваа намена го објаснуваше господин Дамјановски, а господин Георгиевски зборува за однос во буџетот, што тоа апсолутно не мора да значи дека во Југославија најмногу се одвојува за наоружување ако надвор од нашиот буџет се стимулациите за извоз и тн. т.е. ако имаме една конструкција на буџет која не ги дава правите расходи.

КИРО ГЛИГОРОВ:

Јас не мислев да се јавам за збор, но бидејќи во својата реч господинот Котевски спомна за моето интервју за БИ-БИ-СИ, мислам дека сум должен еден краток одговор да дадам. Јас дадов интервју за БИ-БИ-СИ веднаш после конференцијата во Охрид и дури утредента беше седницата на Собранието на СФРЈ, експозето на Марковиќ и тн., така што тоа не е едно со друго поврзано, ниту јас сум побрзал да кажам дека Македонија како што е речено во насловот го поддржува Анте Марковиќ. Но бес

X/6

оглед на тоа јас сметам дека реформскиот курс на Анте Марковиќ треба да го поддржиме од следните причини. Не се работи за оваа или онаа мерка, јас и во интервјуто реков дека го поддржуваме курсот на пазарно стопанисување, на приватизација, отвореност на нашата економија кон странство, користење на странски капитал и тн. Јас сметам дека ние биле самостојна држава, сојуз на држава или во било кој друг вид"таа ориентација е не неизбежна. Јас тоа мислење не го застапува од сега и не од времето на Анте Марковиќ туку од почетокот на 60-тите години тогаш кога беше многу непријатно да се каже дека си за приватна сопственост, дека си за странски капитал, дека треба да бидат отворени границите, дека треба да имаме конвертибилен динар и тн. И тоа не е никаков рецепт ниту на Анте Марковиќ, ниту мој, ниту било чиј, тоа е просто логиката на едно современо пазарно стопанисување. А што е поважно сега за нас што не смееме да го заборавиме, б,ез тоа нема ниту демократија. Општествени промени, промени на социјалната структура на општеството кое единствено е правата основа после и за формирање на политички партии, на различни интереси и на борба за тие интереси на било кој план за еден подобар живот, за прогрес нема без тие реформи. Од таа гледна- точка јас сметам дека тој курс треба да го подржиме. Тоа не значи секоја мерка и тоа не значи дека како што и овде што беше речено дека нашата Влада не треба многу упорно да се бори против сите оние мерки кои ги оценуваме како штетни за нашето стопанство, а не се вклопуваат во тој курс, или пак треба определено време и некои етапи за да можат така да се применат.

Ќе земам еден сосема класичен пример, слободен увоз на ориз, слободен увоз на зеленчук уште од мај месец, положбата на тутунопроизводителите. Ние мораме да тргнеме од поставката дека и европската економска заедница кон чии норми се стремиме.
Вие не можеме сега да се конкурираме од овде со производството на ориз на некои кои уште се наоѓаат на 100, 200 долари годишен доход по глава на население што е до крај обезвредни трудот и тн. Што значи со водење сметка за сето тоа, а за сето тоа има место во рамките на тој курс да се бориме и да ги заштитуваме интересите на нашето македонско стопанство, тој курс ние треба да го поддржуваме. Има уште една причина заради која сметам дека во овој момент не треба да подлегнеме на некои други влијанија. Дневно политичките интереси на било која република не треба да бидат наш ориентир и не треба да бидеме жртва евентуално на некоја дневно политичка проценка им одговара сега да постои ова Влада, или не им одговара да постои таа влада и ќе ја рушат. Јас бев соочен со таа ситуација на една од првите средби кога се покажа дека двете најголеми републики направиле договор да се руши Анте Марковиќ. Јас тогаш не го бранев Анте Марковиќ, не го отворав ниту прашањето за реформскиот курс и неговото значење. Сметав дека тоа е принципиелно прашање на кое ние не можеме да останеме неми. Ние мораме да кажеме дека не може додека постои Југославија таа ги покрива интересите на шесте републики, дури има 6 републики за Влада која сега ја претставува таква каква е оваа Југославија не можат да решаваат две републики.

Мораме сите да учествуваме во тоа и да процениме сопствените интереси,- дали тоа ни одговара,- или не, и таа работа не помина, заради тоа што може утре да биде некој друг преседан за некој друг договор пак на двајца за работи кои се од интерес на сите
И последно што сакам да кажам. Ако сме реални, а овде многу се пледираше од определени говорници за реалност и за трезвеност, тогаш ние прво треба да бидеме реални во следната работа. Преодот од административно, државно стопанисување на пазарно стопанисување, на отворена економија, на конвертибилен динар, на сведување на ваква преработениот каква ја имаме ние сега не од продуктивни причини, туку од непродуктивни причини, тоа е таков тежок процес. Ние ќе имаме неколку премрежија и ако успееме во меѓувреме тоа да го совладаме, ние тогаш ќе го положиме испитот, сме ја одбраниле и Македонија и нашата држава и реформскиот курс кој не треба да се сведе на тоа дека сме за и против Анте Марковиќ, туку дали сме за таква ориентација која не води меѓу цивилизирано општество кое се засновува врз пазарно стопанисување и демократија. Заради тоа да немаме никакви илузии. Отишол Анте Марковиќ, а тој навистина е на конец, прашање е како ќе се заврши тоа гласање во Собранието, но независно од таа работа нас не чекаат сите тие проблеми утре. И пак утре ќе мораме да ги дискутираме на начин, да ги решаваме така како светската економска мисла ги решавала во оние земји кои што допеале до таков просперитетен ниво од кое ние за жал сега уште сме многу далеку.

И тоа треба да го имаме во предвид. Инаку ако е проблем Анте Марковиќ, или таа економска политика, лесно можеме да се сложиме. Ние не смееме да ја загубиме ориентацијата. А јас сметам дека Македонија тој реформски курс го поддржува, тоа го засновува на сите програми на партиите во Македонија. Нема ниедна партија во Македонија која во своите програми нема запишано пазарно стопанство, приватизација, отворање на Македонија спрема светот, дури говориме за тоа дека Македонија треба да биде целата една слободна царинска зона. Знаете што тоа значи. Тоа е Сингапур, тоа а Хон Конг,тоа се слични примери каде што приватниот интерес капиталот имаат апсолутен примат. А јас чувствувам во некои наши размислувања дека кога критикуваме всушност размислуваме подобро би било кога ние би имале малку позатворено стопанство, се разбира и не отворено по секоја цена. И тука има мерка и резон постепено да се оди по таа линија. Но, чувствувам дека кога би се затвориле, тогаш ние би имале големо производство, или би можеле да имаме обезбеден пазар внатре, никаква конкуренција и тн., а всушност би се задушиле. Тоа наше и уште вака неразвиениот македонско стопанство не може да живее веќе од македонскиот пазар, не може само ни од соседните пазари, не може само ни од Југословенскиот пазар. Да може сега не би паѓало производството. Ние сме во ситуација да мораме да го менуваме начинот на производството, навиките за работа, системот во кој живееме, секојдневието вакво на кое сме се научиле со сите социјални и други привилегии без доволна работа, труд и продуктивност и дури таа болка да ја преболиме ние ќе расправаме за овие работи, велам утре

и ако сме самостојна држава, само тогаш нема да можеме да кажеме крив е за тоа Анте Марковиќ. Тогаш ќе мораме да ја бараме кривицата во себе си и да видиме зошто не сме способни да спроведеме еден реформисти курс кој на сиот цивилизиран свет му одговара нас во моментов сига не доведува во криза. Мене ми е јасно зошто. Затоа што промените се големи, тешки и не се така лесно совладливи. Тоа мислам дека треба да го разбереме и ако тоа го сфатиме тогаш полесно ќе можеме да излеземе од оваа ситуација.
(Аплауз)

**XI/1**

НИКОЛА КЉУСЕВ

Сите сме уморни и подобро е да престанеме со дискусија и не се потребни одговори. Оние кои изнесуваа против аргументи, други потврдни аргументи самите на свој начин дискусијата исфрли на виделина едно богатство на гледања и поддршкана оваа ориентација.
Да продолжам таму каде што застана претседателот Глигоров.
Замислете каква би била судбината на оние заговорници да се затвориме во тесните републички рамки и така да ја гледаме нашата економија.
Изгласувајќи ја Декларацијата за сувереност на македонската држава, тоа не значи автархичниот во економијата. Тоа не значи блокада на процесите во економијата. Јас прво немаше да се прифатам за претседател на Владата, во такви услови. Јас сум професионално ориентиран, јас предавам економска динамика, економски развој. Ние како влада тежнееме да откриваме нови визии, да изградуваме нови сценарија, да гледаме промени. Па, ако се определивме за промени, независно кој седи во Сојузната влада, ние органски припаѓаме и нужно како Република ќе треба да се придружиме кон тие промени што нужно ќе ја одлепат од неразвиеност, од природната блокада на ниските фази на обработка, на ниската структура на невработеност. Според тоа промените треба да се гледаат по опстојно и пошироко, а тоа што сега се бараат овие промени преку мерките кои ги предлага СИС, тоа е уште последните напори да се видат дали може да се земе здив пред ударите што политичките структури ги вршат врз Југославија.
Сосема е природно, и оние кои ги критикуваат некои аспекти, политички и економски, сосема природно се надоврзуваат на тие два сегмента. Тие се органски блиски. Не можеме ние да

XI/2
гласаме за политичката опортуност на Анте Марковиќ а да не гласаме за економските аспекти. Тоа се органски цврстини. На име станува збор за следното:
Југославија во оваа политичка констатација ако продолжи, јасно е сценариото, Не само што може економски да 1а сочуваме супстанцата која ја имаме, тоа ќе биде крах и колонијално ропство на овој простор за Македонија,, Да не ги драматизираме __тие моменти. Секој од нас треба да биде свесен што тоа значи. Тогаш игрите нема да се одвиваат со шест претседатели ќе се одвиваат со двајца или тројца, а таа оска ни е позната на нас, па не може тука да ни се претставуваат некои заговорници дека Владата не знае што прави, дека она е успана и дека нема свои идеи. Никој нема морално право да се покажува поголем, како пое динка, од колективниот ум на Владата, бидејќи таа Влада дошла за големите промени, го прифаќа предизвикот на тие промени и сака Македонија да ја види во поинаков контекст, во поинаков амбиент, во поинакви релации.
Дали ние можеме да останеме со економија која има 16 до 20% импутаупут во самата себе. Нашите производи 16 до 20% се реализираат на Македонскиот пазар. Другите се на југословенскиот и светскиот. Дали ние преку ноќ можеме да се претвориме сега во така флексибилна економија, да се вклучиме пред големата конкуренција на европскиот и светскиот пазар. Тоа е илузија. Нас не врзува југословенскиот простор независно од политичките констатации кои ќе дојдат, како што не врзува и просторот на нашето блиско опкружување. Факт е дека ние се караме со некои наши комшии, но во југословенскиот разменски однос 20 и 30% партиципираме и дури не сме задоволни со тоа и бараме потполно отворање. Да престанеме со кавгите и економски да се поврзуваме, бидејќи економскиот мотив ќе го смири политичкиот гнев. Според тоа работите се мошне сложени

и не е точно дека ние како Влада немаме претстава. Ние знаеме што работиме. Прашајте ги овие луѓе членови на Владата што седат тука, дали воопшто спиеле овие неколку вечери. Тие кон стоп работат. Се прават разни сценарија. За секоја гранка, за секоја дејност знаеме што губиме што добиваме. Се ние тоа јасно. Но, кога ќе ги ставаме на кантар соодносите, тогаш, јас ви реков треба реално да ја одмериме цената на нашето постоење. И тоа е она што ни е практично и во овие тешки моменти на искушение се согласуваме да подржиме една програма на промени и одржување на една состојба која малку или повеќе од едно таа што може да ја види Југославија, каде што постои опасност црните сценарија да дојдат на сцена.
Јас не сакам да вршам пресија врз вас, вие ќе одлучите. Наше е само отворено да ги кажеме работите.

(Бурен аплауз)

СТОЈАН АНДОВ

Дали уште некој бара збор?(Никој)
Јас би рекол дека тоа е толку тешко прашање, за исходот во гласањето во Сојузното собрание,тоа ќе зависи од нас толку колку што имаме гласови тамо, но судбоносно е за правецот што овде го утврдуваме, за што оваа Македонија се определува. Дали за некои илузии, дали да биде пребронена на некого сега, или свој пат и дали тој пат што го одбира е пат за Европа и за демократија.
Знаеме дека околу таа работа има многу колебања кај луѓето и тоа што во расправата има разлики не смета. Добро би било ако бидеме единствени во заклучувањето. Инаку како да нема разлики во расправата тогаш на што тоа ќе личи, а ко не гледаме секој на свој начин и ако меѓу себе не се убедуваме.

XI/4

Предлагам да го донесеме следниот заклучок што го концептиравме овде, тековно пратејќи ја расправата.

1. Собранието на СРМ ја усвојува информацијата на претседателот на Владата на СРМ по експозето на претседателот на СИС Анте Марковиќ, за актуелната општествено економска и политичка ситуација во земјата, економската реформа и за макро економската
политика во 1991 година.
2. Имајќи ја предвид политичката положба во земјата и непостоење на алтернативни програми и други опции во оваа фаза, Собранието на СРМ, ја подржува програмата на мерки, презентирани во експозето на претседателот Анте Марковиќ, како реална основа во овој преоден период за надминување на присутните проблеми и продолжување на започнатите реформи во земјата.
3. Собранието на СРМ ја задолжува делегацијата на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ да ги застапува ставовите на Собранието на СРМ изнесени во излагањето на претседателот на Владата на СРМ и во расправата на седницата на Собранието на СРМ одржана на 24.04.1991 година, раководејќи се од овие заклучоци.
Дали овие заклучоци се усвојуваат.
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:
Само барам да се променат зборовите: "Информацијата на Владата по експозето" а да стои "мислењето на Владата по експозето". СТОЈАН АНДОВ:
Ова е многу конкретен амандман.
Дали се прифаќа амандманот. (Се прифаќа)
Има збор господин Јордан Бошк

X1/6

Со оглед на тоа што оваа година не е јубилејна, во договор со потпретседателите на Собранието на СРМ, предлага Собранието да заклучи оваа година да не се врши организирано одбележување на годишнината од смртта на Јосип Броз Тито во нашата Република. Секој сам поединец или граѓанин може тоа да го стори.

Кој е за предлогот нека крена рака? (68)

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласањето (4)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Немаме седница на Собранието до 4 мај, а може да се случи и непостојанствана однос на поединци ако биде тоа организирано и наметнувано, па ете за тоа беше предлогот ние тоа да го оставиме на граѓаните и организациите кој како сака да си го одбележи, а да не биде задолжително.

Има збор господин Наумовски. НАУМОВСКИ:

На 4 Мај се навршуваат 88 години од смртта на Гоце Делчев и сметам дека Собранието треба да покрене иницијатива за едно достојно одбележување на оваа годишнина.

(Аплауз) СТОЈАН АНДОВ:

Собранието партиципира секогаш во одбележувањето на оваа дата и очекувам тоа и оваа година ќе го направиме сосема достојинствено и тоа не само Собранието туку и Владата и сите ние, бидејќи Гоце Делчев припаѓа на цела Македонија не само на Собранието(Аплауз).

XV/7

Би кажал уште една работа, иако не сум љубител на такви изненадени идеи, но секој нека размисли.
Не знам дали за 90-годишнината од загинувањето или 130 годишнината од раѓањето не треба да се направи некоја програма. Јас милам дека за тоа нашите институции водат сметка, Владата ќе ни даде иницијатива. Но тоа да го оставиме на Владата.

Дали има други предлози?(Нема)

Седницата заврши во 16,30 часот.